# МЕДИУМИТЕ И КАМПАЊИТЕ СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ И ГОВОР НА ОМРАЗА ПРОТИВ РОДОВА И СЕКСУАЛНА ЕДНАКВОСТ

iM@

**Електронска публикација:**

# „Медиумите и кампањите со дезинформации и говор на омраза против родова и сексуална еднаквост“

**Издавач:**
Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје

**Уредници на публикацијата:**
Жарко Трајаноски,
Петрит Сарачини

**Автори:**
м-р Драгана Дрндаревска,
Давид Тасевски,
м-р Кире Василев,
м-р Вики Младенова,
Жарко Трајаноски

**Дизајн:**

Јане Стефанов

*Скопје, август 2023*

*Оваа електронска публикација е продуцирана со поддршка на Европскиот фонд за демократија (ЕФД). Нејзините содржини не го одразуваат официјалното мислење на ЕФД. Одговорноста за информациите и ставовите изразени во оваа публикација е целосно на авторот(ите).“*

iM@

EUROPEAN ENDOWMENT FOR DEMOCRACY

# СОДРЖИНА


**Увод: За панел-дискусијата и публикацијата на ИМА: Медиумите и кампањите со дезинформации и говор на омраза против родова и сексуална еднаквост** **[5]**

**Медиумите и антиродовите кампањи со дезинформации и говор на омраза (клучни поенти од панел – дискусијата на ИМА)** **[9]**

м-р Драгана ДРНДАРЕВСКА
**Кампањите против родова еднаквост и ЛГБТИ права се израз на религиозен екстремизам** **[15]**

Давид ТАСЕВСКИ
**Борбата со вознемирувачкиот говор кон ЛГБТИ+ луѓето во медиумите** **[25]**

м-р Кире ВАСИЛЕВ
**Политичките наративи на говорот на омраза и дезинформациите против родова еднаквост во македонските медиуми** **[29]**

м-р Вики МЛАДЕНОВА
**Говор на омраза и заговори: политички проблем** **[35]**

Жарко ТРАЈАНОСКИ
**Медиумите треба да промовираат родова еднаквост, а не а нтиродови пропагандисти и дезинформации** **[41]**

1) Кој ширеше дезинформации дека родовата еднаквост е нешто ново и непознато? [41]

2. Родовата еднаквост не е закана, опасност и „погубна“ идеологија, туку фундаментално човеково право [45]

3) Дезинформации за родовиот идентитет и за Истанбулската конвенција [49]

4) Анти-родовото движење во Македонија и руската пропаганда [54]

5. Злоупотреба на медиумите за ширење дискриминација и говор на омраза врз основа на род и родов идентитет [61]

6. Анти-родовите дезинформации и протестот на МПЦ-ОА [67]

# Увод:
# За панел-дискусијата и публикацијата на ИМА: Медиумите и кампањите со дезинформации и говор на омраза против родова и сексуална еднаквост

Институтот за медиуми и аналитика ИМА внимателно ги следи медиумските настани и кампањи кои се обидуваа да ги дискредитираат концептите на родова еднаквост, родов идентитет и род, како и говорот на омраза во медиумите пред и по одржувањето на „Парадите на гордоста" во 2022 и 2023 година.

Токму затоа, ИМА одлучи да организира панел-дискусија на тема „Медиумите и кампањите со дезинформации и говор на омраза против родова и сексуална еднаквост", која се одржа на 29.06.2023 во Скопје. На оваа панел дискусија учествуваа претставнички и претставници од повеќе организации и истражувачи, кои зборуваа за кампањите со дезинформации и говор на омраза против родова и сексуална еднаквост, но и за односот на медиумите кон овие кампањи, и одговорноста што ја имаат медиумите во борбата против говорот на омраза и дезинформациите. Панелисти на оваа дискусија беа Драгана Дрндаревска (Коалиција Маргини), Кире Василев, (Дијалог – Центар за делиберативна демократија), Давид Тасевски (Скопски квир центар), Вики Младенова (докторантка на меѓународни студии на Универзитетот за ориенталистика во Неапол) и Жарко Трајаноски (раководител на истражувања во Институтот за медиуми и аналитика ИМА). Модератор на настанот беше Петрит Сарачини, раководител на Институтот за медиуми и аналитика ИМА.

Се разбира, кога ја подготвувавме оваа панел-дискусија, не ни сонувавме дека неколку часа по неа ќе биде организиран протест против законот за родова еднаквост, од страна на најголемата религиозна организација во земјава. Како Институт за медиуми и аналитика продолживме да ги следиме медиумите, и наративите со дезинформации и говор на омраза против родовата и сексуална еднаквост за време на протестот, но и по него.

Во првиот дел од оваа публикација се резимирани клучните поенти на учесниците на панел-дискусија на ИМА „Медиумите и кампањите со дезинформации и говор на омраза против родова и сексуална еднаквост", одржана на 29.06.2023 во Скопје.

Во вториот дел од публикацијата се објавени авторски трудови кои произлегуваат од излагањата на учесниците на панел-дискусијата.

Во **„**Кампањите против родова еднаквост и ЛГБТИ права се израз на религиозен екстремизам**"**, м-р Драгана Дрндаревска ги поставува

прашањата: Што е антиродово движење?, Која е агендата и какви стратегии користат?, Од каде се парите? Дрндаревска посебно се осврнува на религиозниот екстремизам на МПЦ, која ја „предводи антиродовата пропаганда, застапувањето и мобилизацијата“. Според Дрндаревска, ваквото однесување претставува религиски фундаментализам, „авторитарна манипулација со религијата“, а не слобода на религија и верување: „Во ваквите случаи не зборуваме за нечија слобода на религија и верување, туку за злоупотреба на ова право за да се оправда хомофобијата, шовинизмот, ксенофобијата, национализмот, етноцентризмот, нативизмот итн.“

Дрндаревска посочува дека медиумите „дејствуваат како продолжена рака на антиродовите движења, а некои медиуми и новинари се директни сојузници и промотори на антиродовата кауза“. Во своите препораки кон медиумите, Дрндаревска укажува дека тие „мора да ја сфатат својата клучна улога, да се екипираат со знаења и аргументи, критички да ги претставуваат активностите и пораките на антиродовите актери, да ги вклучуваат гласовите на маргинализираните групи и на организациите што ги штитат нивите права“. Исто така, Дрндаревска препорачува медиумите да поставуваат прашања за транспарентноста и да истражат можни случаи на корупција при финансирање на анти-родовите движења, кои се „религиозен екстремизам против цивилизациските придобивки од демократијата“.

Во Борбата со вознемирувачкиот говор кон ЛГБТИ+ луѓето во медиумите**,** Давид Тасевски укажува на случаи во кои медиумите „свесно создаваат клима во која ги загрозуваат човековите права или слободи на група граѓани и говорат со јазикот на омразата и дискриминаторскиот говор“. Тасевски го адресира и медиумскиот проблем на сензационалистичко претставување на насилството, во случаи кога е вмешано лице со хомосексуална ориентација: „...секогаш кога имаме случај на насилство во кој е вмешано лице со хомосексуална ориентација, од страна на медиумите се споделува сензационално со цел да предизвика говор на омраза“.

Укажувајќи дека медиумите не постапуваат на ист начин кога известуваат за насилства сторени од хетеросексуални луѓе, Тасевски прашува: „Дали по истиот начин на функционирање, треба да се пренесува големиот број на насилства сторени од хетеросексуални луѓе, со нагласување на нивната сексуална ориентација, со цел да се започне „кампања“ која ќе има цел да предупреди дека „одреден тип на хетеросексуални луѓе, од некоја причина стануваат закана за општеството“?“

Во **„**Политичките наративи на говорот на омраза и дезинформациите против родова еднаквост во македонските медиуми**“**, Кире Василев дава повеќе примери како се шири антиродова дискриминација, говор на омраза, дезинформации, теории на заговор и параноја, не само на социјалните мрежи, туку и во национални медиуми. Василев дава и три конструктивни препораки до медиумите.

Прво, Василев смета дека има „итна потреба за заострување на уредничките политики на медиумите и јасно позиционирање против радикални идеологии". Второ, Василев укажува дека „социјалните мрежи во Македонија се користат како извор на дезинформации", и дека е неразумно „да се дозволи такво неконтролирано излевање на говор на омраза во коментарите". Трето, Василев апелира на „Внимателност при употребата на термините „фашизам, фашисти, нацизам, нацисти, тоталитаризам" затоа што се разводнува и одзема од сериозноста со која треба да се третира една таква општествена појава".

Во „Говор на омраза и заговори: политички проблем", Вики Младенова ја анализира врската помеѓу омразата, заговорите, моќта и медиумите.

Младенова укажува дека основната функција на медиумите престанува да биде пренесување на вести, туку формирање платформа за учество во јавниот дискурс: „Говорот на омраза станува начин за учество во јавниот дискурс, само кога вестите ќе се заменат со катастрофички повици за мобилизација против разнородните други".

Младенова се осврнува и на дезинформациите и теориите на заговор во врска со Предлог-закон за родова еднаквост.

Во **„**Медиумите треба да промовираат родова еднаквост, а не антиродови пропагандисти и дезинформации**"**, Жарко Трајаноски ги анализира бројните медиумски дезинформации во медиумските и јавни кампањи на антиродовото движење: за родовата еднаквост, за родовиот идентитет и за Истанбулската конвенција, за сексуалното образование, за предлог-законите за родова еднаквост и матична евиденција итн. Трајаноски ја проследува и поврзаноста на подемот на анти-родовото движење (напливот од мизогинија, хомофобија и трансфобија), со напливот од руска пропаганда по агресијата на Русија врз Украина. Исто така, детално ја анализира и улогата на македонските медиуми како **соучесници во поттикнување анти-родова дискриминација и омраза, преку некритичко пренесување на дезинформациите од анти-родовите актери.** Трајаноски ги обелоденува анти-родовите дезинформации, медиумски манипулации и теории на заговор пред и за време на протестот од МПЦ-ОА против „родовата еднаквост". Во анализата се потенцирани не само правните, туку и етичките должности на новинар(к)ите, кои „имаат етичка должност да ги „бранат човековите права, достоинството и слободата" кои беа нападнати од анти-родовите пропагандисти со ширење мноштво дезинформации, со теории на заговор, со создавање страв и паника, и со други пропагандни техники кои поттикнуваа дискриминација и омраза."

# Медиумите и антиродовите кампањи со дезинформации и говор на омраза (клучни поенти од панел – дискусијата на ИМА)

Драгана Дрндаревска од „Коалиција Маргини“, на панел-дискусијата укажа дека состојбата како денес се прикажани во јавниот дискурс каузите за родова еднаквост и права на ЛГБТ лицата, никогаш не била толку лоша: „Дури и во времето кога се случи првиот „Викенд на гордоста“, кога имавме физички напади врз нас како ЛГБТ луѓе и како активисти за таа кауза, ситуацијата во јавноста не беше волку лоша. Тогаш беше многу јасна нашата позиција на жртви. Значи бевме група на активисти, група на ЛГБТ луѓе, коишто имаат визија за едно поинакво, еднакво општество, и бевме нападнати и како такви баравме правда и заштита од државата, која тогаш беше главен промотор на овие антиродови реторики.“

Дрндаревска посочи дека „Сега имаме една друга ситуација, каде што ние сме повторно жртва, меѓутоа, ние сме прикажани како злото, како „сотоните“, како оние коишто имаат намера да го срушат семејството, да промовираат педофилија, итн., мислам, јасен е дискурсот.“

Според Дрндаревска, во Собранието нема политичка волја да се донесе Законот за родова еднаквост, ниту пак Законот за матична евиденција: „Доказ дека нема таква политичка волја, е тоа што Законот за матична евиденција беше тргнат без никаква дискусија од дневниот ред од Комисијата за политички систем, ние немавме воопшто ниту можност да дебатираме, да одговориме на сите прашања, сите дилеми коишто ги имаат, него без никакво образложение беше тргнат. Да, сега беше повторно предложен, меѓутоа, од пратеници коишто на една рака се бројат – пет пратенички коишто се наши поддржувачи. Така што, ние не сме ни оддалеку моќни и влијателни, како што МПЦ и останатите антиродови чинители сакаат да не претставаат. Ние, замислете, сме успеале, пет пратеници да собереме на наша страна. Со пет пратеници закон не се носи, знаете.“

Кире Василев, од Дијалог – Центар за делиберативна демократија, истакна дека „ЛГБТИ заедниците и жените заслужуваат целосна поддршка и заштита и не смееме да ги оставиме сами во борбата за рамноправноста“.

Во своето излагање, Василев укажа дека „жестоката борба против еманципација и рамноправност на ЛБТИ лицата и жените истовремено се доживува и како борба против ЕУ и либерално-просветителските вредности кои таа ги застапува, но се доживува и како борба против поддржувачите на Преспанскиот договор, против таканаречените „предавници“ на Македонија и македонскиот идентитет...“.

Василев даде неколку примери на екстремен говор на омраза на

социјалните мрежи, кој се користи од страна на проруски политички активисти кои шират пропаганда против ЕУ и западните вредности.

Давид Тасевски, од „Скопски квир центар", на панел-дискусијата укажа на одговорноста на медиумите, бидејќи „често даваат простор за говорот на омраза и дезинформациите. Го забележуваме и моментот на неотстранување на коментари со вознемирувачка содржина која вклучува не само говор на омраза туку детален опис за убивање и мачење на ЛГБТ луѓето, кое со денешниот протест, се надевам исто така дека нема да резултира со дела од омраза."

Според Тасевски, институциите немаат капацитет да постапуваат во однос на говорот на омраза: „Искуството ни покажува дека институциите немаат капацитет да постапуваат во однос на говорот на омраза, селективни се, дури и кога станува збор за брутални закани по живот каде се опишува начинот на кој личноста ќе биде убиена. И тука имаме секако надоврзување на голем број луѓе коишто го охрабруваат таквото дело."

Вики Младенова, докторантка на меѓународни студии на Универзитетот за ориенталистика во Неапол, го потенцираше проблемот со медиумските содржини кои се придружени со омраза: „Не може медиумот да презентира содржина ако таа е придружена со омраза, и ако коментарите станат, практично, новата вест."

Младенова укажа дека е должност на новинарите да ги спречат коментарите што повикуваат на насилство, што дехуманизираат, или деградираат: „Тие секции за коментари треба да бидат затворени, бидејќи таму не треба да биде дозволен говор на омраза или друг деградирачки говор."

Жарко Трајаноски, од Институтот за медиуми и аналитика ИМА, укажа дека годинава одбележавме десетгодишен јубилеј од донесувањето на Националната стратегија за родова еднаквост, донесена во 2013, кога на власт беше ВМРО-ДПМНЕ: „Сега сме во некоја многу чудна ситуација. Некои луѓе викаат, од каде сега „родова еднаквост". Пред десет години, луѓе, имаме Национална стратегија за родова еднаквост, каде бевте пред десет години да креирате паника дека некој сака да го загрозува семејството?" – праша Трајаноски.

Трајаноски укажа дека се крева паника и за изразот „родов идентитет", кој одамна е во законите: „Сега некој креира паника дека некој сака да вметне во законите, замислете, родов идентитет. Или, пласира дезинформации во јавноста дека родовиот идентитет го немаме во законите, дека правно не е признаен. Апсолутна дезинформација. Каде се тука новинарите да ја препознаат таа дезинформација и да ја информираат јавноста дека тоа не е вистина? Затоа што родовиот идентитет, го имаме во законите веќе. Родовиот идентитет го имаме дури и во Кривичниот законик [во дефиницијата на „дело од омраза"]. Го имаме родовиот идентитет и во член 407-а, каде што се санкционира оправдување на геноцид [„Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства", и по пат

на информационен систем]. Значи, некој пласира намерно дезинформации дека во законите нема родов идентитет, а го имаме во многу закони – не само во Законот за спречување на дискриминација, туку и во повеќе други закони, Законот за социјална заштита, итн. Родовиот идентитет го имаме и во законот за АВМУ, во измените од законот коишто беа со указ потпишани од страна на Ѓорге Иванов. Зошто тогаш никој не креваше паника за родовиот идентитет?" – праша Трајаноски.

Трајаноски потенцираше дека родовиот идентитет е дел од правниот систем години наназад: „Оттаму, се поставува прашањето, зошто сега некому му текна да крева паника и да пласира дезинформации во врска со овие правни термини, што се дел од постоечкиот правен поредок – родова еднаквост, родов идентитет, па и родова перспектива имаме во законите. А „сексуална ориентација" имаме многу одамна. „Сексуална ориентација" го имаме дури и во Законот за семејство од 2014 година, се спомнува сексуалната ориентација, и тоа баш во контекст на деца. И никој тогаш, кога беше на власт ВМРО-ДПМНЕ, не креваше паника зошто сексуалната ориентација е дел од законот за семејство. Тука имаме некоја политичка интенција и тенденција да се крева некаква паника, да се прават некакви кампањи кои се насочени кон некого", констатираше Трајаноски.

Трајаноски потсети дека медиумите и новинарите исто така имаат должност да не шират говор на омраза и да не објавуваат дезинформации: „Ние како медиумски работници, и медиумите и новинарите, исто така имаме должност. Клучна должност, прво е да не шират говор на омраза. Потоа, второ, имаат и должност да се борат против говорот на омраза. Имаат должност да не објавуваат дезинформации, туку да ги проверуваат информациите коишто ги објавуваат." Трајаноски потсети и на одговорноста и должностите што ги имаат он-лајн медиумите за спречување на говор на омраза во коментарите, а кои не се извршуваат: „Четири прајдови имавме последниве неколку години, на секој прајд гледаме дека се објавуваат видеа во живо, каде што одат стотици, во некои случаи и илјадници коментари преполни со говор на омраза... Медиумите се одговорни, имаат должност да не ги објавуваат тие коментари со говор на омраза, меѓутоа, тие послужија како платформи токму за тоа...".

Трајаноски илустрираше екстремни коментари на говор на омраза за последниот прајд, кои сè уште не се отстранети, коментари во кои се спомнуваат гасни комори, Аушвиц, во кои се глорификува Хитлер и се повикува Путин да пушти атомска бомба или друго оружје за масовно уништување: „Ова се директни повици не за обично насилство, туку за геноцид. Притоа, се оправдува геноцидот на Хитлер. Хитлер во овие коментари се глорификува, што е кривично дело, според членот од КЗ кој го спомнавме. Тука укажуваме на најекстремни форми на насилство, коишто се глорификуваат, а да не зборуваме за другите форми на насилство во коментарите...".

Трајаноски укажа дека и новинарите имаат должност да спречат ваков вид на говор на омраза, во случај доколку се јави од некои учесници во

јавната дебата и да го осудат, а и институциите и невладините организации имаат должност да се борат против говорот на омраза.

## Медиумите и институциите се должни да се борат против антиродов говор на омраза и дезинформации

Драгана Дрндаревска од „Коалиција Маргини“, на панел-дискусијата укажа дека антиродовите движења „веќе се препознаваат и од европски институции како сериозна закана на демократијата, и медиумите имаат обврска да ги врамат во тој контекст, да не им дозволуваат премногу простор за говор на омраза, за изразување на вакви ставови засновани на невистини...“.



Според Дрндаревска, „она што го прави МПЦ, јас сметам дека медиумите треба да го врамат како религиозен фундаментализам“, укажувајќи дека станува збор за авторитарна манипулација со религија и употреба на екстремни толкувања на религија за политички цели. „Ова што го гледаме сега е толкување на религијата со цел да се негираат правата на другите, крајната цел е тие да ја прошират и да ја задржат својата политичка моќ“, истакна Дрндаревска.

Кире Василев, од Дијалог – Центар за делиберативна демократија, истакна дека говорот на омраза може да е и посуптилен и затоа непрепознатлив: „Но, говорот на омраза може да е и посуптилен и затоа непрепознатлив за многумина. Имено, употребувајќи вакви елементи од моќни наративи тие свесно или несвесно отвораат врати за стравотни интерпретации што ги сведочиме во параноични изјави дека, на пример, со законот за родова еднаквост ќе се воведе некаков си тоталитаризам, ќе се укине бракот, ќе се распадне



семејството, ќе се злоупотребат децата, итн. Дури и да не е искажан директен говор на омраза, и директна дискриминација, ваквите изјави и формулации воопшто не се наивни, бидејќи тие ја наведуваат публиката до одредени заклучоци кои резултираат со страв, паника, агресија, омраза, итн."

Според Василев, потребно е „итно заострување на уредувачките политики на медиумите и јасно позиционирање против радикалните идеологии, да не се инструментализира, на пример, поимот слобода на говор за да правиме простор за некакви радикали, кои постојано ги прекршуваат основните човекови права и основите на демократскиот систем..." . Василев смета дека уредничките политики треба да подразбираат и отстранување на оние коментари коишто се извори на дезинформации и говор на омраза.



Вики Младенова, докторантка на меѓународни студии на Универзитетот за ориенталистика во Неапол, укажа дека слободата на изразување не е неограничена, дека „има легитимни цели за ограничување на таа слобода", во случаи на „одземање или побивање на туѓите права и слободи".

Младенова истакна дека и квир лицата имаат право да негуваат вредности на заедништво, семејно живеење и на љубов: „Нашите квир пријатели не се демони..., тие вредностите на заедништво, вредностите на семејно живеење, вредностите на љубовта, ги позиционираат како едни од најважните во нивните животи".



Давид Тасевски, од „Скопски квир центар" на панел дискусијата упати пораки кон медиумите да не прават текстови кои се насочени кон кликови и да бришат коментари со говор на омраза: „Се додека не реагираме, поттикнуваме нови коментари, поттикнуваме во иднина да има дела од омраза".

Според Тасевски, без почитување на законите, и без воспоставување на пракса на казнување, не можеме да се справиме со говорот на омраза:

„Прво кога би тргнале да си ги почитуваме законите мислам дека би се справиле со говорот на омраза. Кога ќе воспоставиме пракса на казнување на говорот на омраза, автоматски, верувам, дека ќе видиме и намалување на истото.“

Жарко Трајаноски, од Институтот за медиуми и аналитика ИМА, упати повик до јавниот обвинител да реагира во врска со говорот на омраза врз основа на род, родов идентитет и сексуална ориентација: „Треба да се потсети обвинителството дека треба да реагира на овие што сега шират говор на омраза врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација, затоа што истите основи стојат и во Законот за јавно обвинителство.“



Според Трајаноски, „овој феномен на дезинформации засновани на род и сексуална ориентација станува глобален проблем“, а и безбедносен проблем, кој треба да биде адресиран не само од медиумите, туку и од надлежните институции: „Не само што медиумите се должни да се придржуваат на своите обврски, да не шират говор на омраза, да се борат против говорот на омраза, и да не шират дезинформации и да спречуваат дезинформации, туку и институциите на системот треба да спречат создавање на безбедносни проблеми и натамошна поларизација во општеството.“

Излагањата на учесниците од панел-дискусијата, надополнети со резултатите од медиумскиот мониторинг на протестот на МПЦ-ОА, се составен дел од оваа публикација.

# Кампањите против родова еднаквост и ЛГБТИ права се израз на религиозен екстремизам

Воведни белешки за поимот на антиродовите движења (стратегии, агенда и извори на финансирање)

Пишува: м-р Драгана ДРНДАРЕВСКА

## Што е антиродово движење?

Во периодов сведочиме на активно организирање на Македонската православна црква и другите верски заедници против родовата еднаквост и против правата на ЛГБТИ луѓето. Доминира нарацијата дека имаат должност да се мобилизираат за да се заштити семејството и децата, со што се креира морална паника заснована на говор на омраза и дезинформации. Ваквиот начин на делување и на манифестирање на религијата претставува религиозен фундаментализам, за кого нема место во општества кои сакаат да бидат демократски и еднакви.

Политики за родова еднаквост во Северна Македонија постојат повеќе од две декади на национално ниво. Со пристапувањето на земјата кон Советот на Европа и конвенциите на ООН, од кои најзначајна во областа е Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, овие политики се дел од внатрешниот поредок уште од 1990-ите години. Првата Стратегија за родова еднаквост е донесена врз основа на сегашниот Закон за еднакви можности на мажите и жените во 2013 година. Оваа стратегија тогаш е разгледувана и позитивно оценета од собраниската Комисија за еднакви можности, чија претседателка во тој период е Лилјана Поповска, која сега ја гледаме како гласноговорничка против родовата еднаквост. Тогаш на пратеничката Поповска не ѝ пречеше родовата еднаквост, напротив, се залагаше за донесување на овој документ.

Но, во последната декада во рамки на цела Европа сведоци сме на транснационално поврзување на антиродови актери. Сведоци сме на засилена мобилизација на средства, создавање на нови антиродови актери на локално ниво преку нивна финансиска поддршка, обука и развој на нивните капацитети за спротиставување на родовата еднаквост, ЛГБТИ правата и целиот корпус на сексуални и репродуктивни права. Иако постојат различни дефиниции, теориски е прифатено „дефинирањето на антиродовите движења како мобилизација на различни актери против она што тие го нарекуваат родова идеологија“[i]. Антиродовите актери најчесто се делат на стари, нови и сојузници[ii]. Во старите антиродови актери спаѓаат верските заедници, како на пример Македонската православна црква (МПЦ), бидејќи отсекогаш се залагале за патријархални вредности и норми. Нови антиродови актери се здруженија и мрежи кои се формираат

благодарение на странска финансиска, техничка и логистичка поддршка. Најголем дел од нив се претставуваат себеси како „загрижени родители" или „загрижени граѓани", користејќи заеднички јазик и визуелен идентитет. [iii] Овие форми на здружување постојат одамна и во Северна Македонија. На пример, на дебатата за новиот Закон за прекинување на бременоста во 2019 година, единствен маж кој си зема право да зборува за прашање кое не го засега на ниту еден начин беше претставник на здружение „Лидија – Срце што чука", членка на *Heartbeat international* од Хрватска, каде што антиродовите движења под влијание на Католичката црква се многу развиени.

Но, прашањето е зошто до сега не им пречеа политиките за родова еднаквост, или барем не беа толку гласни и видливи во мобилизацијата? Причината е тоа што за време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ предводено од Никола Груевски (2006-2016), агендата на антиродовите движења беше обезбедувана, а во голем дел и спроведувана од страна на самата власт (на пример, донесување на рестриктивен Закон за прекинување на бременост, државно организирана хомофобична кампања преку медиуми,[iv] и сл.). Од 2018 година, со доаѓањето на власт на СДСМ се случија позитивни промени кон усвојување на повеќе закони со кои се гарантира родовата еднаквост и правата на ЛГБТИ луѓето. На пример, ратификувањето на Истанбулската конвенција, измените на Кривичниот закон од 2018 (препознавање на делата од омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет) и до 2022 година (усогласување со Истанбулската конвенција), Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот против насилство врз жени и семејно насилство и други.

Овој напредок ја обележа Северна Македонија како критична точка на мапата на транснационалното антиродово движење, по што започна засилена мобилизација и никнување на нови антиродови актери. Така, денес ја имаме „Коалиција за заштита на децата", што обединува 26 ентитети (здруженија на граѓани, неформални инцијативи, верски групи и политички партии). Највидливи антиродови иницијативи се „Преземи одговорност" (против ЛГБТИ и трансродови лица), „Од нас за нас" (против родово сензитивно образование, правата на трансродовите лица, една од водечките антиваксерски организации), „Учебници и настава мора да има" (против сеопфатно сексуално орбазование, генерално против образовната реформа) и „Да го зачуваме бракот и семејството" (промоција на религиски и патријархални визии за бракот и семејството и против ЛГБТИ). За овие движења Ковид 19 пандемијата беше клучна можност која ја искористија за мобилизација на населението против вакцинација, против носење маски и за промоција на теории на заговор и лажни вести, по што продолжија со антиродовата пропаганда. Вакво опортунистичко дејствување на антиродовите движења за време на Ковид кризата, следиме низ цела Европа.

## Која е агендата и какви стратегии користат?

Извештајот „Враќање на природниот поредок: Религиозна екстремистичка визија за мобилизација на европските општества против човековите права поврзани со сексуалноста и репродукцијата“[v] на Европскиот парламентарен форум за сексуални и репродуктивни права, детално ја документира транснационалната агенда на антиродовите движења. Транснационалната агенда на овие движења е насловена „Restoring the Natural Order: an Agenda for Europe“, каде што јасно се истакнати заложбите против контрацепција, против абортус (дури и кога истиот е неопходен за зачувување на здравјето на жената или бременоста е настаната како резултат на силување), оспорување на антидискриминаторска легислатива, спротиставување на истополови партнерства и транс права, спротиставување на Истанбулската конвенција, до идеи за забрана на „ин витро“ оплодување, забрана на пренатална дијагностика и на доброволна стерилизација, како и забрана на останати современи биомедицински придобивки поврзани со репродукцијата и здравјето (на пример, матичните клетки за лекување на болести).

Во областа на семејството движењето се залага дури и за закони со кои ќе се ограничи правото на развод. Понатаму, овие движења се застапуваат за апсолутни права на родителите во однос на образованието и легализирање на домашно школување, за донесување на т.н. закони против „ЛГБТ пропаганда“ (по примерот на Русија), до донесување на т.н. закони против содомија со кои се криминализира хомосексуалноста. Секако, во прво време, во јавниот дискурс во Северна Македонија најупотребувана е анти-ЛГБТИ реториката околу која најлесно мобилизираат поддржувачи, бидејќи според последните истражувања Северна Македонија е најнетолерантна земја во Европа кон сексуалните и родовите различности.[vi]

И на меѓународно ниво „...овие актери не потекнуваат од истата идеолошка матрица и често не споделуваат „иста идеолошка рамка“. Она што ги обединува антиродовите актери е способноста да „натискаат различни дискурси во една голема закана“ и да го конструираат „родот/родовата идеологија“ како „напад врз барем едно од трите N, за кои овие актери тврдат дека ги бранат: природата, нацијата и нормалноста (nature, nation, normality).“[vii]

Извештајот ги документира и клучните стратегии на дејствување договорени на транснационално ниво и тоа:

1. „Прикажувајте се како жртви, со тоа ја земате стратегијата на противникот кој ја прикажува ЛГБТИ заедницата и жените како жртви.“ Ова го гледаме секојдневно во јавниот дискурс со кој движењата за родова еднаквост се прикажани како опасни и моќни, а антиродовите се прикажуваат како жртви на фактот што некои движења бараат на одредени групи да им се унапредат правата. На пример, Јаков Стобиски, како сторител на говор на омраза себе си се прикажува како жртва поради тоа што Комисијата за

спречување и заштита од дискриминација одлучи дека тој го прекршил законот, т.е. користел говор на омраза заснована на род и родов идентитет.

2. „Исто како противниците, прикажете ја агендата како прашања на човекови права". Па, така гледаме како родителите наеднаш имаат право да одлучуваат за содржината на образованието, како имаат право на говор на омраза, фетусот има право на живот, како некој има право да одбие услуга на ЛГБТИ лица и слични небулози непоткрепени со правна практика и теорија. Иако станува збор за промовирање на религиозни догми се користи секуларизиран јазик и се претендира овие идеи за негирање на правата на одредени групи да се претставува како конфликт на права. На пример, правото на прекин на бременоста е во конфликт со правото на живот на фетусот, правото на младите да добијат сексуално образование е во конфликт со „родителските права".

3. „Противниците прикажете ги како зло, а институциите како неспособни". Анти-родовите движења континуирано наоѓаат примери од ЛГБТИ луѓе кои сториле некакво кривично дело и преку нив се гради сликата за целата заедница. Несомнено, гледаме прикажување на движењата за родова еднаквост како зло, сатани, посланици на ѓаволот (со зборовите на Јакоб Стобиски), додека постојано се критикува МТСП, власта, Собранието и други институции како неспособни да се справат со „злото" (се обвинуваат дека не функционираат транспарентно и дека ја спроведуваат агендата на ЛГБТИ дижењата, итн.). На ваков начин во јавноста се креира чувство на итност, се креира паника од тоа што може да следува како успешна стратегија за мобилизација.

4. „Станете почитуван соговорник на меѓународно ниво". Овие движења одвојуваат многу капацитети и пари за застапување на меѓународно ниво. Речиси да не постои случај пред Европскиот Суд за човекови права кој се однесува на ЛГБТИ права, сексуални и репродуктивни права во кој анти-родова организација нема да се вмеша на страна на сторителот на повредата на правото. На пример, ADF (Alliance defending freedom) се вмеша и во случај Икс против Македонија со кој судот утврди дека на трансродов маж му било повредено правото на приватност со тоа што државата не му овозможила промена на маркерот на пол во личните документи[viii]. Антиродовите актери се многу добро вмрежени и во застапувањето пред ООН, каде Светата столица, Организацијата за исламска соработка, заедно со земјите кои имаат најлошо поведение за почитување на човекови права (како арапските земји, Русија, некои африкански земји) активно застапуваат против родова еднаквост, ЛГБТИ, и сексуални и репродуктивни права. На пример, Ватикан бара зборот „родова еднаквост" да се промени со „комплементарност на мажите и жените".[ix]

## Од каде се парите?

Извештајот „Врвот на сантата мраз: Религиозни екстремистички финансиери против човековите права за сексуалност и репродуктивно здравје во Европа"[x] открива дека во последната декада минимум 707,2

милиони американски долари се слеваат во антиродовите движења во Европа. Извештајот е обемен, дава детални податоци, кои во овој дел делумно ги сумирам. Оваа сума од 707,2 милиони долари извештајот ја нарекува „врвот на сантата мраз“, бидејќи се претпоставува дека многу повеќе пари се слеваат во антиродовите движења, но поради сериозни недостатоци во транспарентноста на работењето на антиродовите актери не може во целост да се проценат сумите и нивните извори. Овие пари главно доаѓаат од извори блиски до христијанската десница од САД (на пример, Фондации ДеВос[xi], Евангелистичката асоцијација Били Грахам[xii] и многу други), од Руската федерација (државни агенции и приватни фондации на олигарси како Владимир Јакунин[xiii] и Константин Малофеев[xiv]), како и од повеќе извори од Европа, главно од старите аристократски семејства кои сè уште се вртоглаво богати, повеќе корумпирани политичари кои основаат свои фондации и актери од екстремната десница. Секако, поддршката од владата на Орбан и од Полска е присутна и тука станува збор за јавни пари кои властите ги доделуваат на антиродови актери. Оттука, политичките случувања во САД со кои американската десница, под Трамп идеолошки се зближи со Русија, е важен момент за развојот на антиродовите движења, по кој гледаме соработка помеѓу овие актери во развојот и финансирањето на антиродовите движења.

Извештајот бележи и финансирање на антиродовите движења од т.н. пералници на пари преку кои „валканите“ пари од Русија се трансферираат на нивите сојузници и партнери од Европа кои се користат за финансирање на антиродови движења и други екстремно десничарски политики во Европа. На пример, Италијански L’Espresso во 2018 година откри како една таква перална служи за поттикнување на антиродовото движење надвор од руските граници. Фондацијата Novae Terrae собира над 100 000 евра месечно од руско-азербејџанскиот офшор и ги прераспределува меѓу актери од Италија, Шпанија, Велика Британија, САД, Полска, Унгарија, за финансирање на десничарски и верски организации за кампањи против абортусот, против разводот или геј бракови. Само помеѓу 2012 и 2015 година, Фондацијата Novae Terrae искористила 2,39 милиони евра од руско-азербејџанска перална за поддршка на хомофобичната Европска граѓанска иницијатива „Мама, тато и деца“ и за анти-родови организации како на пример Dignitatis Humanae Institute (DHI), поврзан со Стивен Банон и други.

## Религиозниот екстремизам на МПЦ

Во Северна Македонија, МПЦ заедно со конзервативните партии, помеѓу кои најголемата ВМРО-ДПМНЕ како стари антиродови актери, поттикнати од новонастанатите поволни услови, се истакнуваат како највлијателни етнитети. Вакво здружување на новите со старите антиродови актери се забележува низ цела Европа. Но, разликата е во тоа што МПЦ како

формална национална институција на православното христијанство тука ја предводи антиродовата пропаганда, застапувањето и мобилизацијата. Ова е очекувано имајќи предвид дека во квази-демократските земји од Југоисточна Европа православните цркви имаат големо влијание и моќ кое сега активно го користат за антиродова пропаганда.

Според Нусбаум,[xv] „многу е тешко да се определи до која мера религијата во едена нација ги рефлектира влијанијата од другите аспекти на културата“. На пример, исламот содржи фундаменталисти кои не се толерантни кон различни религии и животни стилови, но исто така ги содржи едни од најраните идеи за меѓусебна толеранција. Но, многу често, наместо да се бараат и да се потенцираат обединувачки принципи и практики во различните религии, да се применуваат поинклузивни начини на толкување на религијата, или да се испитуваат верските учења кои би можеле да ја поддржат на пример, женската еманципација и праавта на ЛГБТИ луѓето, религиите се читаат како вредности кои се нужно во конфликт со модерноста. Речиси сите традиционални религии имаат полиберални и поконзервативни ограноци. Оттука, нужно е да се запрашаме од каде потекнуваат фундаменталистичките барања и колку тие можат да се оправдаат со правото на манифестирање на религијата. Подетално истражување на културниот контекст најчесто открива политички влијанија кои ја обликуваат или дообликуваат религиската традиција, па така, моменталниот избор за потенцирање на едни, а не други аспекти на религијата најчесто одразува политички цели.[xvi]

Членови на одредени религии, најчесто лидери (како во нашиот случај г.г. Стефан, Јаков Стобиски и други) кои имаат политичка моќ, имаат тенденција да се прогласуваат за морално супериорни, да бараат религиозните учења да се преточат во закон за да можат да ги контролираат животите на другите и да спроведуваат масовни прекршувања на човековите права. Ваквото однесување претставува религиски фундаментализам дефиниран како „авторитарна манипулација со религијата и употреба на екстремни толкувања на религијата од страна на одредени држави или не-државни актери со цел да дојдат до моќ, пари или да ја прошират контролата над општеството“[xvii]. Во ваквите случаи не зборуваме за нечија слобода на религија и верување, туку за злоупотреба на ова право за да се оправда хомофобијата, шовинизмот, ксенофобијата, национализмот, етноцентризмот, нативизмот итн. Членот 17 од ЕКЧП ја забранува злоупотребата на правата и ја дефинира како преземање активности или постапки со кои се загрозува некое право или слобода што се признати со Конвенцијата.

Религиозниот фундаментализам нема за цел да ја одбрани слободата на вероисповед на една група, туку да обезбеди политичка моќ на неколку лидери со тоталитаристички и анти-демократски идеи чија реализација би им овозможила контрола и пристап до ресурсите во едно општество. Кога

МПЦ протестира против закони за родова еднаквост и ЛГБТИ права, има за цел да го заштити патријархатот, бидејќи во патријархални општества верските лидери уживаат углед и моќ. Во општества кои се демократски и егалитарни политички лидери и моќни бизнисмени не одат кај верски лидери да бараат поддршка, не се сликаат постојано со нив за да купат углед кај населението, па како резултат на тоа верските лидери немаат олку голема моќ која се трансформира во големи имоти и пари. Најголем бенефит од зачувување и зацврстување на патријархатот имаат токму верските лидери и конзервативни корумпирани политичари, кои доминантно се бели, средовечни, богати мажи и бизнисмени.

Нусбаум (1999: 109) ја проблематизира и категоријата „група“ и кои се оние кои зборат во името на групата. Кога зборуваме за групи дефинирани според религискиот идентитет, гласовите кои зборат во име на групата се најчесто имотни хетеросексуални мажи кои уживаат привилегии во групата, кои впрочем имаат корист од одржувањето на статус кво и никогаш не ги имаат предвид потребите на жените, а уште помалку потребите на геј луѓето од групата. На пример, кога г.г. Стефан повикува на протест против Законот за родова еднаквост и Законот за матична евиденција не ги има предвид ставовите на феминистките христијанки, христијанските семејства кои ги поддржуваат своите ЛГБТИ деца и други. Општество кое има за цел да обезбеди еднаквост и почитување на човековите права мора да го држи религискиот фундаментализам понастрана од правото.

## Заклучок и препораки за медиумите

Европскиот парламент во Резолуцијата за негативната реакција кон женските права и родовата еднаквост во ЕУ,[xviii] истакнува дека нивото на родова еднаквост во едно општество е често индикативно и служи како прво предупредување за влошената состојба на основните права и вредности, вклучително и демократијата и владеењето на правото, а напорите за ограничување или поткопување на родовата еднаквост се знак за поширок општествен конфликт. Потоа, во Резолуцијата за сексуалното и репродуктивно здравје и права,[xix] Европскиот парламент истакна дека ваквите иницијативи (антиродовите иницијативи) претставуваат опструкција за реализација на човековите права, развојот на државите и ги поткопуваат европските вредности и фундаменталните права. Зад овие иницијативи стои сериозна финансиска поддршка и политика моќ, која е овозможена преку нетранспарентно работење и корупција.

Движењата за родова еднаквост, ЛГБТИ права и за сексуално и репродуктивно здравје не се исти со антиродовите движења. Не станува збор за политичка битка помеѓу еднакви. Едните се застапуваат за демократски вредности, за еднаквост, за политики донесени врз основа на научни факти и последни научни сознанија, за трансформација на

општествата кон поправедни општества во кои сите живеат во социјална благосостојба и се почитуваат човековите права на сите. Антиродовите движења се застапуваат за антиженски, антихуманистички вредности, за одржување на нееднаквост и привилегии на верските заедници, т.е. се застапуваат за донесување и спроведување на политики засновани на религиозни догми. Ова претставува ретроградно дејствување, обид за рушење на демократскиот поредок и за враќање во мрачните времиња на апсолутна моќ на клерот поддржан од корумпирана и апсолутистичка власт, од која корист имаат само неколкумина.

Поради состојбата со медиумите во Северна Македонија (поларизираност, недостаток на професионалност и независност), тие дејствуваат како продолжена рака на антиродовите движења, а некои медиуми и новинари се директни сојузници и промотори на антиродовата кауза. Оттука, овие препораки се насочени само кон оние медиуми кои се независни или претендираат да бидат независни и професионални. Тие мора да ја сфатат својата клучна улога, да се екипираат со знаења и аргументи, критички да ги претставуваат активностите и пораките на антиродовите актери, да ги вклучуваат гласовите на маргинализираните групи и на организациите што ги штитат нивите права.

Клучно е овие медиуми да ја разберат големата слика, да истражат кои се врските преку кои овие движења добиваат фондови, за колку пари станува збор и кои се нивните извори, како и со кого се вмрежени на национално и транснационално ниво. Медиумите треба да постават прашања за нивната транспарентност и да истражат можни случаи на корупција при финансирање на овие движења. За крај, клучно е проблемот преку медиумите да се означи со вистинското име, религиозен екстремизам против цивилизациските придобивки од демократијата.

*Авторката е дел од тимот на Коалиција Маргини, правничка, феминистка и активистка за правата на маргинализираните заедници*

**Референци:**

[i]Цветковиќ, И. Величковска, М. (2022), „Кој се плаши од родот? Анализа на клучните стратегии и наративи на анти-родовите движења во Северна Македонија", Скопје: Коалиција Маргини.

[ii]Ibid.

[iii] Ibid. стр.15.

[iv] Медиумите блиски до ВМРО-ДПМНЕ спроведуваа хомофобична кампања, највидлива преку три насловни страници на дневниот весник „Вечер". За повеќе може да прочитате во годишните извештаи на Коалиција Маргини од 2012 и 2013 година, достапни тука.

[v] Datta, N. (2018). “Restoring the Natural Order”: The religious extremists’ vision to mobilize European societies against human rights on sexuality and reproduction. Brussels: European Parliamentary Forum on Population & Development.

[vi] Според податоците од европското општествено истражување, највисок 61% од испитаниците од Северна Македонија се согласиле со тврдењето „Доколку близок член на семејството е геј маж или лезбејка, јас би се чувствувал/а засрамен/а“. Ова е највисок процент во Европа, додека следната земја со највисок процент е Црна Гора со 39%, значително помалку од Северна Македонија. Само 24% од испитаниците се согласиле со тврдењето дека „Геј мажите и лезбејките треба да имаат слобода да го живеат својот живот како што сакаат“, што повторно е најнизок процент од сите европски земји. Повеќе податоци тука.

[vii] Ibid.

[viii] X. v. the Former Yugoslav Republic of Macedonia (Application no 29683/16), ECtHR [2019].

[ix] Shameem, N. (2017). Rights at Risk Observatory on the Universality of Rights Trends Report 2017. Toronto: Association for Women’s Rights in Development (AWID).

[x] Datta, N. (2021). Tip of the Iceberg: Religious Extremist Funders against Human Rights for Sexuality & Reproductive Health in Europe. Brussels: European Parliamentary Forum for Sexual and Reproductive Rights.

[xi] Бетси ДеВос беше секретар за образование во кабинетот на Трамп.

[xii] Основана во 1950 година и моментално со седиште во Шарлот, Северна Каролина, одржува масовни молитвени собири за Евангелистичките протестанти ширум светот наречени „крстоносни војни“. Има организирано „400 крстоносни војни во 185 земји и територии на шест континенти“. На овие крстоносни војни, шефот на асоцијацијата, Френклин Грахам има „редовно искажувања против муслиманите, ЛГБТКИ луѓето“, што резултираше со неколку тужби за говор на омраза во ОК. Френклин Грахам верува дека наместо расизам, вистинската криза со која се соочува Соединетите Американски Држави се „ЛГБТКИ луѓето кои излегуваат од нивните плакари, осмелувајќи се да бараат права и признавање; жените кои ја потврдуваат својата телесна автономија и бараат безбедна, достапна репродуктивна здравствена заштита; и тоа што исламот едноставно постои“.

[xiii] Руски олигарх и близок доверлив човек на Владимир Путин. Претседател на Руските железници од 2005 година до 2015 година. Има чин на федерална државна цивилна служба од 1-ва класа Активен државен советник на Руската Федерација. Поставен е на црната листа на лични санкции на Стејтдепартментот на САД од 2014 година.

[xiv] Претседател на про-монархистичка организација „Друштво за развој на руското историско образование Двоглав орел“. Претседател на медиумската групација Царград, посветена на руското православно христијанство и поддршката на претседателот Владимир Путин. Соединетите Американски Држави, Европската Унија и Канада го имаат ставено на црна листа и му имаат изречено лични санкции. Во 2017 година, Украина го стави Малофеев на меѓународна потерница, обвинувајќи го за создавање и финансирање нелегални паравоени групи.

[xv] Nussbaum, M. Craven (1999). Sex & Social Justice. Oxford: Oxford University Press.

[xvi] Дрндаревска, Д. (2019). Стандардите на европското право за спречување и заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Скопје: УКИМ- магистерски труд.

[xvii] Shameem, N. (2017). Rights at Risk Observatory on the Universality of Rights Trends Report 2017. Toronto: Association for Women's Rights in Development (AWID).

[xviii] European Parliament resolution of 13 February 2019 on experiencing a backlash in women's rights and gender equality in the EU (2018/2684(RSP)).

[xix] European Parliament resolution of 24 June 2021 on the situation of sexual and reproductive health and rights in the EU, in the frame of women's health (2020/2215(INI)).

# Борбата со вознемирувачкиот говор кон ЛГБТИ+ луѓето во медиумите

Пишува: Давид ТАСЕВСКИ

## Што ни е важно при медиумското известување, поврзано со говорот на омраза и дезинформациите?

Квир центарот досега доби 8 мислења за прекршување на етичкиот кодекс на новинарите при известување на ЛГБТИ теми, а по претставки поднесени до Советот за етика во медиумите. Неретко забележуваме сензационализам во новинарските текстови и наслови кои се вознемирувачки, и имаме реченици или прашања кои го поттикнуваат или поддржуваат говорот на омраза. Гледаме дебати и интервјуа каде новинарите не се непристрасни, туку го напаѓаат гостинот, според нивните лични убедувања без воопшто да ги проверат фактите, туку застануваат на страната на дезинформациите и ја разгоруваат омразата кон одредена група на луѓе. На овој начин, тие свесно создаваат клима во која ги загрозуваат човековите права или слободи на група граѓани и говорат со јазикот на омразата и дискриминаторскиот говор. Важно е да се нагласи и дека новинарот е должен да внимава дури и на начинот на кој ја пренесува информацијата. Ако при пренос на одредена вест тој е згрозен или ја пренесува веста со иронија и сарказам, штетата е направена во истиот момент.

Она што исто така го имаме како проблем во утврдување на вознемирувачкиот говор и дезинформациите во новинарски текстови и објави од медиумите, се „извадоци" од текстови кои се целно пребарувани да бидат дискриминирачки и да бидат проширени низ интернет просторот со цел да дискриминираат. На пребарувачите на интернет секако имаме океан од информации, дезинформации, и луѓе кои напишале некаков наводен стручен текст кој е полн со омраза, а кај нас се пренесува како факт напишан од претставник на одредена професија. Во оваа ситуација, кога го пријавуваме лицето или медиумот, она на кое објавувачот се обидува да се „извади", е дека тој само споделил научен текст или став на некој „интелектуалец". Меѓутоа, важно е и да расчистиме дека новинарот има обврска да истражува и да пренесува точни и проверени информации. Доколку јас решам да продолжам со ширење на дискриминаторски текст преку моја објава, јас исто така сносам одговорност.

Квир центарот досега има поднесено преку 110 пријави до МВР и Основните јавни обвинителства на територијата на државата. И имаме добиено 34 претставки пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а од тие 34 претставки, одбравме 5 кои во моментов се судски предмети.

Веднаш по формирањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, сакавме да ја тестираме нивната работа, знаејќи дека секаде низ светот, дискриминацијата најмногу ја трпат маргинализираните групи. Праксата со претходните состави на Комисијата, покажуваше дека дискриминацијата кај нас не постои, што е невозможно, бидејќи таа постои и во најразвиените општества. Меѓутоа, минатите состави на Комисијата, освен во случајот на Никола Груевски кој подоцна побара азил, а претседателот на таа Комисија беше награден со друго раководно место, во други случаи, скоро и да немаше утврдено дискриминација.

Во моментов, конечно имаме формирана Комисија која постапува, и покажува желба за работа со цел борба против дискриминацијата. Меѓутоа, луѓето кај нас, очигледно се навикнати на институции кои не работат во полн капацитет, па одлуките кои ги носи оваа Комисија, која очигледно, конечно работи непристрасно, на некои луѓе им пречат. И ова е важно да се нагласи, бидејќи Комисијата ни покажува пракса на еднаквост, па така ја видовме како реагира во случаи на дискриминација на деца со посебни потреби, беше гласна и во случајот со „бугарските клубови", меѓутоа кога носи мислења во кои вели дека ЛГБТИ луѓето се дискриминирани, на дел од народот тоа не му одговара да го слушне. И ова покажува една незрелост, која вели, постапувај само кога сум загрозен јас, ама не и за тој кој ми пречи на мене. Општествата кои се силни, кои имаат вистински патриотизам, се оние кои се сплотени и не функционираат со исклучување, туку со вклучување на сите групи, со цел побројно и посплотено општество. Ние кај нас се делиме, и со овој начин на функционирање никогаш нема да можеме да бидеме јаки одвнатре, за да се справиме со предизвиците кои не чекаат надвор.

Претставките кои Квир центарот ги поднесува се главно за вознемирувачки говор и дискриминација сторена на социјалните медиуми, нешто за кое одговорноста ја носат и медиумите, бидејќи тие често даваат простор за говорот на омраза и дезинформациите, а го забележуваме и неотстранувањето коментари со вознемирувачка содржина, која не вклучува само говор на омраза, туку и детален опис за убивање и мачење на ЛГБТИ луѓе, кое со протестот организиран од црквите, се надеваме дека нема да резултира со дела од омраза.

Искуството ни покажува дека институциите немаат капацитети да постапуваат во однос на говорот на омраза, селективни се и кога станува збор за брутални закани по живот каде се опишува начинот на кој личноста ќе биде убиена, со надоврзување на голем број луѓе кои го охрабруваат таквото дело. Во исти случаи, за некоја личност гледаме дека се постапува, а за друга личност, не се постапува. Ваквиот начин на работа кај мене праќа порака дека институциите каде ги поднесуваме пријавите и чекаме да постапат по нив и да донесат правда, функционираат селективно и по нарачка. И тука не се само маргинализираните групи засегнати, ние имаме

поднесувано пријави за закани кон жени политичарки, и тие пријави исто така беа отфрлувани со зборовите дека нема место за постапување и дека не е утврдена реална опасност.

Она што за мене е интересно, се новинарските текстови во кои забележуваме наслови кои целно се мамка за кликање и поттикнување омраза. Секоја година традиционално се споделуваат исти слики, најдени на интернет од Прајд-протести некаде низ светот, а најчесто се бираат со голи луѓе, и се споделуваат со цел да се прикаже дека ЛГБТИ луѓето се опасни за децата. И тука гледаме дека што и да се случи во рамки на ЛГБТИ заедницата, односно и ништо да не се случува, кај хомофобите секогаш ќе постои тоа дискриминирачко стереотипизирање.

И сега јас се прашувам, бидејќи во изминатава година активно ги следам објавите на брутални случаи на семејно насилство, скандали со педофилија во цркви, насилства во училишта, тероризам, изгладнување и силување на деца, и сите овие грозоморни дела беа направени од хетеросексуални луѓе. Дали по истиот начин на функционирање, треба да се пренесува големиот број на насилства сторени од хетеросексуални луѓе, со нагласување на нивната сексуална ориентација, со цел да се започне „кампања“ која ќе има цел да предупреди дека „одреден тип на хетеросексуални луѓе, од некоја причина стануваат закана за општеството“?

Бидејќи никој не зборува дека ЛГБТИ луѓето се совршени, очекувано е дека насилство ќе се случува и помеѓу нив, меѓутоа, секогаш кога имаме случај на насилство во кој е вмешано лице со хомосексуална ориентација, од страна на медиумите се споделува сензационално со цел да предизвика говор на омраза. За жал, насилството се случува кај луѓе од секој регион, во сите држави, кај луѓе од различни религии, сексуални ориентации, и насилството никогаш како појава не се поврзува со идентитет на личноста, туку според истражувањата, жртвите на физичко насилство имаат поголем ризик да бидат сторители. А, земајќи предвид дека ние сме тло каде бројот на пријави за семејно насилство расне заедно со бројот на деца-жртви на насилство, и сме општество во кое 8 од 10 родители користат насилни методи за воспитување на своите деца, треба да бидеме загрижени за она што и го даваме на младината, а веќе го гледаме во форма на насилни дела во регионот, со сериозен број на човечки жртви.

*Авторот е извршен директор во Скопски Квир Центар*

# Политичките наративи на говорот на омраза и дезинформациите против родова еднаквост во македонските медиуми

Пишува: м-р Кире ВАСИЛЕВ

Не постои начин накусо да се опфати комплексноста на актуелниот проблем со говорот на омраза против ЛГБТИ луѓето во македонските медиуми. Поради тоа, би сакал да се осврнам на неколку аспекти и клучни зборови кои ги забележав при набљудувањето на медиумската сцена, особено во последниве неколку месеци, а кои ги засегаат и личностите застапени во медиумите – гостите, и самите медиуми и нивната работа. Се разбира, со оглед на доста тензичната атмосфера која владее деновиве по прашањето за родот и родовата еднаквост, се надевам дека овој текст ќе послужи за градење на конструктивен дијалог од кој ќе можат да произлезат препораки за подобрување на состојбите и намалување на тензијата.

Анализирајќи ја ситуацијата, се чини дека тензијата произлегува од недостатокот на различни позиции на поларните „за“ и „против“ законот за родова еднаквост. Дури и да постојат различни гледишта, тие се наоѓаат сосема на маргините. Ова, се разбира, се должи и на фактот што ЛГБТИ заедниците и жените заслужуваат целосна поддршка и заштита и не смееме да ги оставиме сами во борбата за рамноправност.

Комплексноста ја гледам во фактот што жестоката борба против еманципацијата и рамноправност на ЛГБТИ лицата и жените, истовремено се доживува и како борба против Европската Унија и либерално-просветителските вредностите кои ги застапува таа. Но, се доживува и како борба против поддржувачите на Преспанскиот договор, против таканаречените предавници на Македонија и македонскиот идентитет. Со други зборови, станува сосема јасно дека оваа позиција по прашањето за родовиот идентитет е всушност повеќеслојна идентитетска конструкција која го врзува родовото со националното и со политичко-идеолошкото и затоа има голема манипулативна моќ. Таквото размислување ја следи логиката дека доколку некој е дел од ЛГБТИ заедницата тој, таа или тие се истовремено и предавници и предавнички на државата кои сонуваат за нејзиното распаѓање или распродавање.[i]

Ми се чини дека ова радикално гледиште е сеприсутно во официјалните и неофицијалните медиуми на македонски јазик, иако варира во степенот на отвореност во артикулацијата. Се разбира, во неофицијалните медиуми како Јутуб каналите можеме да ги најдеме поекстремните примери. Тука би ги издвоил различните настапи на Мирка Велиновска чијшто говор не е само класичен пример за говор на омраза – конкретно, против ЛГБТИ заедниците,

Европската Унија и нејзиниот систем на вредности – туку генерално и за ширењето на дезинформации и теории на заговор во јавната сфера.

Еве, да го земеме примерот од нејзиното гостување на Јутуб каналот на Родина Македонија. Тоа е организација која иницираше петиција за *„членство на Република Македонија во Евроазиска Економска Унија и БРИКС“*, во која ги охрабруваше Македонците *„да излезат од понижувачкиот отчовечен, ГМО, трансродов, ЛГБТ, евроатлански совет и да се приклучиме на светот со богатства на култури, традиции, морални вредности, духовност“*[ii]. Во оваа прилика Велиновска ќе рече *„Европска унија се прогласи за наследник на Хитлер, и преку проектот за Европска унија, обландиран како модерен демократски поглед, уствари е проект на создавање на четвртиот рајх. Тој по ништо не е различен од третиот. Тоа е автохтон, дегенеративен, наци-фашизам, кој сега има еден колективен Хитлер. Европските политичари се деца, внуци на оригинерните нацисти…“* [iii]

Тука Велиновска на веќе споменатиот во нејзини очи хомо и транссексуалниот, вредносно и морално искривен Запад, додава и мноштво елементи од познати теории на заговор, кои доаѓаат од круговите на руската антиевропска и антилиберална пропаганда и американската радикална десница. На ова место само би сакал да напоменам дека целосниот дијалошки сетинг во кој е поставен скоро секој медиумски настап на Велиновска и нејзините истомисленици, е поставен во некаква рамка на разоткривање на големиот заговор, што најдобро се гледа во претенциозноста на соговорниците да тврдат дека тие знаат во која насока се движи светот, знаат што се случува зад кулисите, и ги знаат следните потезите на клучните историски фигури.

Во ваквите класични наративи на заговор, гледаме како арогантното слепило на навидум упатените, не само што вулгарно ја поедноставува комплексноста на политичките процеси, туку и го премолчува и негира постоењето на безбројни фактори кои можат да влијаат врз истите. Тие, како што знаеме, можат да бидат општествени, културни, политички, па дури и климатски, и нашето запознавање со нив, нашата свест за нивното постоење, значи прифаќање дека овој свет не е едноставен, дека работите се многу покомплексни. Ваквото просто читање на политичките процеси, било да се локални или глобални, може да се надмине само со конструктивна јавна дебата и со индивидуално и колективно вложување во интелектуалниот труд, а не со сеење на параноја или омраза. Доколку не се инсистира на ова, и се предадеме на едноставни решенија, не треба воопшто да не чуди што социјалната довербата е на толку ниско ниво и сè повеќе се верува во идејата дека „некој стои зад нешто“ и го диктира јавното мислење.

Но, ваквиот говор не се шири само преку новите, социјални медиуми, за кои очигледно сè уште немаме најдено адекватен начин за регулација. Веројатно читателите се веќе запознаени со ставовите на епископот

Јаков Стобиски. Во неговиот настап на телевизијата Сител, гостувањето го започнува со коментар за мислењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)[iv] и вели:

*„Живееме во таа пророчка, дистописка реалност на Џорџ Орвел. Еве вие сега како новинар, кажете ми, забрана да се појавуваш на јавни настапи, да говориш, да гостуваш на телевизии, што е тоа ако не узурпација на слободата на говор, забрана на движење итн. На време ве предупредував за диктатура, која што, еве, ова е некој пред вкус на таа диктатура, на тој тоталитаристички режим што ќе го донесе предлог законот за родова еднаквост, доколку се реализира во оваа форма“*.[v] Новинарот кој го водеше интервјуто, покрај тоа што со вака формираното прашање индиректно го смести свештеното лице во улога на жртва, туку и се чини дека промаши да му укаже на гостинот на одговорноста во ширењето на параноја на национален медиум. Потоа, новинарот го прашува дали чувствувате одговорност да го почитувате мислењето на КСЗД и да се извините на што епископот вели *„апсолутно не!“*. Со тоа дополнително ја подрива довербата во институциите и социјалната доверба која и така е на ниско ниво.

Но еве, во име на дијалогот, да речеме дека во оваа негова конкретна изјава нема експлицитен говор на омраза. Да кажеме дека изјавите кои ги дава епископот, и други претставници на МПЦ, ретко ја преминуваат границата на директниот говор на омраза. Затоа, дозволете ми да дискутирам за суптилноста на ваквиот говор на омраза кој не е препознатлив за многумина. Имено, употребувајќи вакви елементи од моќни наративи тие свесно оставаат отворени врати за стравотни интерпретации, што ги сведочиме во параноичните изјави дека со законите за родова еднаквост ќе се воведе тоталитаризам, ќе се укине бракот, ќе се распаднат семејствата и ќе бидат злоупотребени децата. Значи, дури и да не е искажан директен говор на омраза и директна дискриминација, ваквите изјави и формулации воопшто не се наивни, бидејќи тие ја наведуваат публиката до погрешни заклучоци кои резултираат во страв, паника, агресија и омраза.

Би сакал тука да нагласам, дека ова во никој случај не треба да се отфрли и да не се смета за форма на говор на омраза или дискриминација. Треба да ни е јасно дека со користење на ваквите наративни елементи, говорителите будат кај нас одредени асоцијации, слики, претстави, историски контексти, но и можат да реактуализираат одредени трауми. Односно, во случајот на говор на омраза, самата комуникација истовремено е и форма на однесување затоа што преку говорот на омраза се повикува и се реконсолидира позицијата на моќ. Тоа значи дека говорот на омраза не само што ја рефлектира социјалната доминација, туку и ја спроведува. Преку таквото спроведување одредени поединци или групи повторно се ставаат во позиција на социјална потчинетост. Таа субординација се прави преку изговарање на зборови кои се повикуваат и реанимираат

одредени историските неправди и длабоки трауми кои дехуманизирале и деградирале припадници на одредени групи преку убивање, протерување, отфрлање, итн.

И покрај тоа што ваквите идентитети на потчинетост секогаш ја промашуваат својата цел, и покрај што ние јасно се спротивставуваме на таквото припишување на одредена потчинета позиција, тоа припишување на идентитетот продолжува да функционира. Продолжува да функционира затоа што тој говор нема полемизирачка цел, туку има цел да го цементира субјектот во потчинетоста. Ваквиот цементирачки/навредувачки говор, има своја трауматична историја која оживува секогаш кога тој збор е изговорен, а таа траума живее и се оживува преку јазикот. [vi]

Затоа, користење на ваков јазик од страна на претставниците на МПЦ, особено во јавната медиумска сфера, е неодговорен не само кон ЛГБТИ заедницата, туку и општо кон приврзаниците на МПЦ кај кои деновиве се чини дека стравот и агресијата непрекинато расте. На крајот, повикувам на особена одговорност, посебно на јазикот кој го користиме за да пратиме порака во јавната сфера и сакам да дадам три конструктивно препораки до медиумите.

1. Итната потреба за заострување на уредничките политики на медиумите и јасно позиционирање против радикални идеологии. Да не се инструментализира поимот „слобода на говор“ за да правиме простор за секакви радикали кои постојано ги прекршуваат основните човекови права и основите на демократијата. Дури и да се отстапува медиумски простор за ваквите лица, медиумите мора да покажат поголема одговорност, подготвеност и професионализам, а не кокетирање кое води до погрешни заклучоци. Тенденциозно е, од една страна, да сведочиме интервјуа со свештени лица кои уште пред да почнат самите да говорат се индиректно сместени во позицијата на жртва од страна на новинарите а, од друга страна, да гледаме како претставници од невладиниот сектор се обидуваат да не ги изгубат нервите одговорајќи на банални прашања придружени со потсмев.

2. Во раководењето со медиумите треба најмногу да се поправи состојбата на настапот на дигиталните медиуми во социјалните мрежи, особено во пределот кој тие го отстапуваат за коментари од читателите и читателките. Токму бидејќи социјалните мрежи во Македонија се користат како извор на дезинформации, сметам дека е неразумно да се дозволи такво неконтролирано излевање на говор на омраза во коментарите.

3. Внимателност при употребата на термините фашизам, фашисти, нацизам, нацисти, тоталитаризам затоа што се разводнува и одзема од сериозноста со која треба да се третира една таква општествена појава.

*Авторот е магистер по труд и развој на Универзитетот на Лондон и долгогодишен активист за работнички и социјални права*

**Референци:**

[i] Цветковиќ, Ирена; Величковска, Мања; „Кој се плаши од родот?, Анализа на клучните стратегии и наративи на анти-родовите движења во Северна Македонија“, Коалиција Маргини Скопје, 2022 година,

[ii] „ЕДЕН Е ИЗБОРОТ“ РОДИНА МАКЕДОНИЈА ГО ПРОГЛАСУВА ЗА УМРЕН!“, 11.09.2022

[iii] Родина Македонија Политичка партија, Редовен класен час со Мирка Велиновска, 27.05.2022

[iv] Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Мислење, Утврдена дискриминација 08-316/5, 23.06.2023

[v] Сител Телевизија, Гостин во вестите Епископот Јаков за протестите и причините за протест, 27.06.2023

[vi] Butler, Judith, Excitable Speech a Politics of the Performative, Routledge London, 1997

# Говор на омраза и заговори: политички проблем

Пишува: м-р Вики МЛАДЕНОВА

Структурата на овој текст ја позајмува судската практика на Европскиот суд за човекови во врска со говорот на омраза, со која се утврдуваат три препознатливи елементи во идентификувањето на една форма на говор како говор на омраза: намера за ширење омраза кон определена група, содржина (контекст на конкретно изразување) и последици (забранети резултати)[i], со цел да упати на длабинското влијание што овој говор го има врз демократското живеење.

Преку испитување на намерата со која свесно се употребуваат насилството како комуникација, како и на содржината со која омразата треба да се направи интелигибилна, важно е да се задржи вниманието на тоа дека говорот на омраза не е делимитирана појава која едноставно се судира со слободата на изразување, и го бара својот простор во јавниот дискурс. Имено, предлагам говорот на омраза да се разгледа пошироко од јуридичкото определување на сторител и жртва, и да се испита како основна алатка на мобилизација на политичка моќ во новите констелации на кризниот капитализам, а за таа цел ќе го користам поимот комплот и комплотизација на моќта.

Употребата на говор кој бара материјални докази за страдање и ништење на одредени групи и поединци значи отворање фронт против човековите права и демократијата. Или, поглобално, бара нов поредок кој е базиран врз омраза против самата демократија, и заговара редефинирање на идентитетите, социјалните улоги, врските, институциите и конечно – на начините (стиловите) на живот и нивната разнородност, која како таква опстојува легитимно само во демократски услови на заедничкото живеење. Тоа што во судската практика се појавува како намера и содржина при длабинско набљудување на ефектите на говорот на омраза, всушност упатува на една од најзагрозувачките појави за современата демократија: комплотизација на моќта.

Говорот на омраза, во таа смисла, не е само појава што правно се санкционира, туку претставува политички проблем. Содржината со која се дисквалификува вредноста на нечие постоење или нечиј начин на живот, го иницира насилството како единствен амбиент или судбина на носителите на прекарни идентитети, и ја содржи намерата органски да се разграничи групата што доминира од сите други преку принципот на политичка негација (кога се определува што е „добро“ и „лошо“, „здраво“ и „болно“, „нормално“ и „абнормално“ и конечно, се определува вредноста на човечкиот живот). Нештата се комплицираат во последната точка на

натрапливост на мразачите. Определувањето на вредноста на човечкиот живот не е неутрална акција.

Историскиот преглед на тоа како се предизвикани масовни злосторства како геноцид (во Руанда на пример, и претходно Холокаустот) до поединечни жртви на дела од омраза, сè до државни политики што го администрираат животот на популацијата преку смртта на прекарните групи (како на пример со ХИВ кризата во 80-тите години во Америка), го потенцира не само амбиентот на насилство туку и заговорот за нов, чист и правоверен свет. Во истиот, првата и последна вест се однесува на спојот на идентитетски карактеристики што се содржи во оконечен и тотализирачки живот, што вреди да се живее. Оттука, омразата тешко може да се разлачи од заговорот. Историчноста на оваа изјава нѐ враќа на третманот на говорот на омраза како политички проблем.

Дали може да биде поврзан тропотот на штикли на транс-девојка во јавен тоалет со премаленоста на бегалците од Африка и блиско-источни земји кои штотуку стигнале на бреговите на Европа, а јанѕата од претходните неусогласени звуци да се наголеми и со финансиската, политичката и морално-социјалната криза во која се наоѓа глобалниот свет, деновиве? Врзивниот потенцијал што од неповрзани или барем неплански борби за достоинствен живот прави закана на која се одговара со агресивно одбивање на демократските придобивки, каква што е, на пример, еднаквоста, е токму заговорот за нов свет, кој треба да биде населен од вистински вредности и специфична форма на човечки живот, што може да го отстапи месото и духот.

Заговорот за подобро живеење во подобар свет ја згуснува негацијата како нужна постапка во политичкиот живот: потребно е да се смачка постоењето на сите можни закани отелотворени во квир луѓе, сиромашни, со поинаква боја на кожата, со друга религија, етничка припадност, со телесна и ментална попреченост, друга раса и сите можни други припадности кои го вознемируваат (само)разбирањето на органската доминантна група. Говорот на омраза, во оваа смисла, не може да се поима само како правно санкционирачка појава, туку како методолошка нужност во подготовката за почист поредок. Ваквиот капацитет на говорот на омраза тешко може да се исцрпи и неутрализира само со правни лекови, па така свесноста за ефектите врз демократското живеење треба да значи и свест за тоа дека омразените не се исклучени само заради нивно исклучување; туку исклучувањето на прекарните групи е нужен гест со кој се воспоставува почист поредок.

Кога се шири омраза во врска со опасноста од признавање на основни човекови права на ЛГБТИ луѓето, тоа не се прави само заради лебдечка омраза кон определена група туку се прави во име на обезбедување поредок во кој полесно се живее токму заради елиминацијата на таа група. Како се воспоставува почист поредок? – Виртуелно.

Техничкото обработување на тезата за тоа дека говорот на омраза е политички проблем, затоа што не постои независно во општеството, и затоа што правното санкционирање е претесна акција за опфаќање на штетниот ефект врз поединечното и заедничкото демократско живеење нè води до просторот во кој омразата се бори за својата слобода, обидувајќи се да се прогласи како слобода на изразување. Имено, станува збор за медиумите во пошироката смисла на зборот, нужно опфаќајќи ги и социјалните мрежи и виртуелноста што тие ја нудат како прва шанса за новиот поредок и елиминација на сите што може да го контаминираат.

Преку обичајното однесување на социјалните мрежи, лесно може да се воспостави врската помеѓу омразата и заговорите, односно, да се увиди како се одвива комплотизацијата на моќта. Основната функција на медиумите престанува да биде пренесување на вести, туку формира платформа за учество во јавниот дискурс. Говорот на омраза станува начин за учество во јавниот дискурс, само кога вестите ќе се заменат со катастрофички повици за мобилизација против разнородните други.

Од тропотот на штикли на транс-девојка во јавен тоалет, што уште посилно одекнува во пандемиски услови (во кои одговорна грижа за личната и туѓата добросостојба срочена во простодушна навика да се носи маска се претвора во глобална закана), додека нови и нови темни тела се струполуваат од гумени чамци и бараат да им се признае еднаквиот статус на граѓани, а статусот на жената во општеството одамна е контаминиран со други квалитети наместо да биде сведен на одомаќинета родилка, комплотот овозможува да станат живи слики или пострашно – шеми, скици на современиот свет кој е нечист и расипан и кој треба да биде спасен, осветен и одново воспоставен преку елиминација на појави и тела што може и треба да се мразат, во име на вистинските вредности и вистината како таква.

Борбата за вистината е медиумска борба, таа ја опфаќа т.н. „компактна толпа“ која инсистира нечитливоста на современиот свет да ја подели во официјална и скриена вистина, извлекувајќи го легитимитетот да ја застапува скриената вистина преку демаскирање на окултни планови. Демократските борби за еднаквост стануваат окултни планови, омразата станува света обврска на компактната толпа која оправданоста да ја заменува слободата на изразување со говор на омраза ја црпи од самата себе, посебно земајќи ја превид етимолошката подлошка на поимот конспирација (*conspiratio* од *cum* и *spirare* или *да се дише заедно*). Наеднаш, идејата за демократија и нејзината реализација нужно се разделуваат и стануваат противречни, демократскиот ентузијазам базиран на права и слободи станува сомнителна карактеристика на современиот свет, во кој животот станува сè понепредвидлив, мачен и расипан.

„Комплотот е итна реакција на комплексноста [на светот]. Тоа е пократкиот пат, наједноставниот и брз правец што води до самото средиште

на еден свет кој сè потешко се разбира. Тие што отклонуваат кон комплотот не може да поднесат повеќеслојност или отворени прашања. Дури не може да го толерираат ниту самиот живот во нестабилно и менливо опкружување, па така и не го прифаќаат тоа што е туѓо, непознато“ (Ди Чезаре 2021: 3). Враќајќи се на релевантното етимолошко значење на поимот комплот во стариот француски јазик од 12-от век како „компактна толпа“, една од водечките жени филозофки во општество кое значително страдаше пред налетот на медиумското искривоколчување на демократијата какво што е италијанското (берлусконизација на медиумскиот простор), Донатела ди Чезаре во нејзината книга *Il complotto al potere* (*Комплотот на моќта*, Еинауди 2021), зборува за тоа како комплотот може да ѝ помогне на толпата да излезе од наводната сенка на окултниот свет во кој живееме, и да заговара скриена вистина, развивајќи свети обврски да се одбрани истата со една нелогична цел: јасна обоеност на состојбите како црни и бели. Огледалните одаи на вистината стануваат јавно мислење, со оглед на тоа што интересот секогаш се однесува на тековните аспирации околу тоа – каде оди овој свет? Сите имаат право на учество во одговорот на ова прашање. Само тие што говорот на омраза го заменуваат со слобода на изразување, во име на личната законатост во скриена вистина и исправност што треба да се освои преку елиминација на појави, групи и поединци, самоубедувачки знаат дека имаат решение за енигмата на човечката историја.

Според компактната толпа, политичката игра во демократскиот свет станува игра на огледала или на црни огледала/монитори во кои сечија поединечна судбина станува или закана или се соединува со светата обврска да се елиминираат лошите, болните, абнормалните – во име на правоверниот свет во кој вредноста на човечкиот живот станува соодветна само ако опфаќа унифицирани идентитети што моралниот, чист човечки живот може да ги отелотвори.

Ваквото дебалансирање на силите помеѓу официјална и скриена вистина, демократија и мит, говор на омраза и слобода на изразување, политичко и виртуелно, понира во едно исклучително ризично поле: хаосот на денешницата и анксиозната иднина. Комплотистите или тие што шират омраза бездруго се прогласуваат за жртви на тој хаос и на нерешливоста на времето што поминува, и од своите најинтимни судбини ја црпат легитимацијата на своето насилство во јавниот живот, на социјалните мрежи каде што контактот со светот се патологизира, а резонот може да го дисторзира историското време назад до златното доба на Третиот Рајх со барања да се повторат масовните злосторства на Адолф Хитлер.

Личната несреќа изѕидана во четирите ѕидови на домовите под хипотека, чии поштенски сандаци се полни со високи сметки, а врските се дестабилизирани, наместо да бидат засолништа, ненадејно станува судбина на обична жртва, која бара излез од енигматичноста на човечкиот живот преку ширење омраза и барање светот повторно да стане јасен и

читлив, низ призмата на комплотот. Со тоа што комплотот им отстапува епистемолошки простор на обичните секојдневни жртви, им помага виртуелно да ја артикулираат својата анксиозност на живеењето преку измислени наративи што светот од нејасен и нечитлив го прават јасен и читлив. Оваа преобразба е агресивна, бидејќи наспроти секојдневните жртви кои преку комплотистичкото разбирање на светот шират омраза, секогаш треба да постојат виновници, заканувачки начини на живот и општествени накази.

И покрај тоа, погрешно е комплотот или комплотизмот да се сведе на дисторзиран резон или на лична патологија, бидејќи на тој начин се губи политичката валенција на проблемот. Проблемот станува политички кога вистината станува обврзувачка, и ја обврзува моќта. Станува збор за политичка мобилизација на групи и поединци што го загрозуваат демократскиот живот, бидејќи „комплотот не е едноставен и еден од многуте политички инструменти со кои моќта се служи“. „Комплотот е направа (*dispositif*) што ја артикулира, спроведува и распоредува моќта. Служи како маска на моќта во време во кое моќта е без лице“ (Ди Чезаре 2021: 17).

Секојдневниот превод на комплотизацијата на моќта се однесува на лажно спонтаната и природна врска помеѓу, на пример, болеста од Ковид 19, месијанската улога на Владимир Путин, бебешката крв како владејачка тајна на глобалниот поредок, црните робусни мигранти како етничка закана за наталитетот во Европа, и прогласот на човековите права на ЛГБТИ луѓето како директна закана за анонимни деца, кои дури и не знаат ниту побарале заштита од своите родители. Згуснувањето на приликите на современото живеење се наметнува како нужност, бидејќи комплотизацијата се одвива со уништување на гласот и легитимноста на говорот.

Кога една деполитизирана врескачка, која својата слава ја стекнува со безумно одбивање да носи маска во време на пандемија, во краток временски интервал станува главна поттикнувачка на омраза кон трансродови лица – тоа не значи дека постои директна врска помеѓу зоонотички вирус и борба за достоинствен живот на определено родово малцинство, туку дека заговорите за опасностите со кои се соочува светот денес го искривоколчуваат тој единствен свет, во кој сите живееме заедно. Локалниот контекст на македонското општеството дотолку ја отежнува анализата, со оглед на тоа дека глобалните трендови на мобилизација каков што е на пример случајот со анти-родовите движења само се надоврзуваат на хоризонталната распространетост на многу омрази наеднаш или циклично.

Како „племе во агонија“ (Константиновиќ 2000), органската македонска нација одново и одново се самопотврдува или е во архаична потрага по поредокот на вистинската величина, преку омраза кон Албанците и други етнички малцинства, како и кон соседните нации. Замислениот чист и

рутински живот се вклопува во големите историски задачи, преку омраза кон сè што може да ја дестабилизира паланечката состојба во која се наоѓаме.

Стилот на паланката е да мрази. Ниту едно етничко, религиозно или јазично малцинство не го здружува своето постоење во планско загрозување на доминантната органска група; ниту пак децата во малите групни домови во Тимјаник ќе го нападнат локалното население; така како што и барателите на азил во Прифатниот центар во Визбегово не се подготвуваат за масовен грабеж. А и вистината за новиот Предлог-закон за родова еднаквост е дека неговата цел е да „обезбеди остварување на потполна родова еднаквост во сите сфери на јавниот и приватниот живот со зајакнување на положбата и статусот на жената во општеството и овозможување на еднакви можности за остварување на сите права преку унапредување на родовата еднаквост“ (Член 2), а не да врши масовна присила за утринско, попладневно и вечерно менување на полот, во зависност од перверзните претпоставки на доминантната група за тоа дали е време за силување, кражба или венчавка.

Глобалните трендови на комплотот како справа што манипулира со моќта и вистината, надоврзани на традиционалните омрази во нашиот контекст нè судираат со две опасности. Политичката арена се менува и тешко се етаблираат позициите за одбрана на демократијата во јавниот дискурс; повредата што се активира преку говорот и обезвреднувањето на човечкиот и граѓанскиот статус на ранливи поединци и групи не може правно да се санкционира, таа опстојува како потсетник на хаосот на денешницата од една страна, а од друга страна афективно го менува внатрешниот живот на вистинските жртви, чии прекарни идентитети стануваат егзистенцијален товар.

*Авторката е докторантка на меѓународни студии на Универзитетот за ориенталистика во Неапол*

**Референци:**

[i] Види повеќе кај Михајлова Елена и др. (2013) *Слобода на изразување и говор на омраза*. Скопје: ОБСЕ

# Медиумите треба да промовираат родова еднаквост, а не антиродови пропагандисти и дезинформации

Пишува: Жарко ТРАЈАНОСКИ

Во 2023 година, анти-родовото движење беше зајакнато со нови влијателни актери – религиозни лидери, нивни поддржувачи, јавни личности, интелектуалци, академици и други.

Иако медиумите и новинар(к)ите имаат етичка должност да не шират дезинформации и говор кој поттикнува омраза или дискриминација, меѓу другото, и врз основа на пол, род, родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група, многу медиуми не се придржуваа кон овие етички императиви.

Исто така, медиумите треба да имаат клучна улога и во промоцијата на родовата еднаквост – медиумите треба да ја промовираат родовата еднаквост во програмите и содржините, за што се неопходни родово сензитивни и медиумски описменети новинар(к)и и уредници. Но, наместо да ја промовираат родовата еднаквост и да се борат против родовите стереотипи во медиумите и општеството, повеќе медиуми се ставија во улога на промотори на анти-родовото движење и пропагандистите против родовата еднаквост и „родовата идеологија“.

Во оваа анализа на повеќе медиумски настани (студии на случаи), ќе видиме како дел од медиумите ги зајакнаа старите и нови гласноговорници против „родовата идеологија“, родовата еднаквост, родовиот идентитет, па и против употребата на изразите „род“, „родова еднаквост“ и „родов идентитет“ во македонскиот јазик.

## 1) Кој ширеше дезинформации дека родовата еднаквост е нешто ново и непознато?

На најгледаните ТВ вести на 22 март 2023 беше поканет како гостин епископ на МПЦ (Тема на денот со Викарниот Епископ Стобиски Јаков на ТВ Сител). Зборувајќи за Предлог-законот за родова еднаквост, гостинот дезинформираше дека терминот родова еднаквост е непознат и спорен поим: „Оттаму и директно го оспорив тој термин, сосема аргументирано, родова еднаквост, оти тоа е поим којшто ни е непознат.“

Меѓутоа, дали терминот „родова еднаквост“ е непознат поим во македонскиот правно-политички и медиумски контекст? Одговорот на ова

прашање би требало да биде негативен за секој/а добро информиран/а новинар/ка и граѓанин/ка, затоа што терминот „родова еднаквост“ се среќава уште во Законот за еднакви можности на жените и мажите, донесен во 2012 година. (Сл. Весник на РМ, бр.06 од 13.01.2012 година).

Имено, во Законот за еднакви можности на жените и мажите, изразот родова еднаквост најчесто се среќава во контекст на „стратегија за родова еднаквост“, која ја донесува Собранието, ја предлага Владата, а ја изработува Министерството за труд и социјална политика.

5. СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**Член 19**

Стратегијата за родова еднаквост (во натамошниот текст: стратегијата) се изработува за период од осум години и содржи:
- анализа на состојбата,
- насоки и мерки за постигнување на целите во посебните области на општествениот живот, пред сé, во областа на вработувањето, социјалната сигурност и здравствената заштита, образованието, семејните односи и застапеноста на жените и мажите во јавниот живот,
- одговорност за спроведување на мерките за постигнување на целите,
- содржина, надлежни органи и одговорни лица за подготвување и спроведување на националниот план за акција за родова еднаквост за период од четири години и годишните оперативни планови кои се во функција на спроведување на стратегијата,
- податоци кои се собираат и обработуваат и се поврзани, сочувани, анализирани и презентирани одделно по полова структура во рамките на активностите на Државниот завод за статистика,
- метод на следење и известување за примената на стратегијата и
- потребни средства за примена на мерките од стратегијата, извори и начин за обезбедување на тие средства.

*(Извадок од „Закон за еднакви можности на жените и мажите“, чл, 19)*

## 1.1. Родовата еднаквост не е нешто ново, затоа што 10 години имаме национална стратегија за родова еднаквост

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, пред повеќе од десет години, на 20 февруари 2013 година, Собранието донесе „Стратегија за родова еднаквост 2013-2020“ објавена во „Службен весник на РМ“, во која што е дефиниран изразот „родова еднаквост“ по изразот „родова рамноправност“.

Во оваа национална стратегија, потпишана од претседателот на Собранието Трајко Вељановски и изгласана во време кога ВМРО-ДПМНЕ има парламентарно мнозинство и извршна власт, стои дека „Родовата еднаквост претставува една од вредностите на Уставниот поредок на Република Македонија.“

> ПРАВНА ОСНОВА
>
> Родовата еднаквост претставува една од вредностите на Уставниот поредок на Република Македонија.
>
> Правната основа за донесување на Стратегијата и Националниот план за родова еднаквост е содржан во членот 9 став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на Република Македонија" број 6/12), каде што се вели дека Собранието донесува Стратегија за родова еднаквост и го следи нејзиното спроведување во секторските политики и програми и соработува со социјалните партнери, невладините организации и други јавни институции во соодветната област.

*(Извадок од Стратегија за родова еднаквост 2013-2020, Сл. Весник на РМ бр. 27, 22.02.2013)*

Минатата година беше изгласана и Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година (Сл. Весник на РСМ 28.07.2022), во која се наведуваат институционалните механизми за родова еднаквост, се прави преглед на родовата еднаквост и се поставува како главна цел „воспоставување ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и на локално ниво".

Во оваа стратегија како еден од приоритетите во медиумската сфера се истакнува „...промовирање на родовата еднаквост во програмите и содржините, преку претставување позитивни примери, почесто ангажирање жени соговорнички во дебатните и во другите програми со гости, како и поголема застапеност на содржини што обработуваат теми за родова еднаквост, односно вклучување на родовиот аспект во најголемиот број теми што се обработуваат во медиумите."

> **Медиуми**
>
> Приоритетите во медиумската сфера треба да се фокусираат на промовирање на родовата еднаквост во програмите и во содржините, преку претставување позитивни примери, почесто ангажирање жени како соговорнички во дебатните и во другите програми со гости, како и поголема застапеност на содржини што обработуваат теми за родова еднаквост, односно вклучување на родовиот аспект во најголемиот број теми што се обработуваат во медиумите. За таа цел е потребна поголема застапеност на жени на позиции на одлучување, уреднички и директорки, како и едукација и подигнување на свеста за родовите прашања кај сите медиумски работници.

*Извадок од Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година, каде што се наведени прироритетите во медиумската сфера.*

## 1.2. Родовата еднаквост одамна не е нешто ново и на локално ниво

Родовата еднаквост не е нешто ново и на ниво на локална самоуправа, затоа што е донесена и „Стратегија за родова еднаквост на заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ-ЗЕЛС 2018-2030“ која „не ја третира родовата еднаквост само како човеково право, туку и како демократска вредност која треба да се применува на локално ниво во сите аспекти на животот…“ (стр. 1).

Усвоени се и локални политики (програми и стратегии) и формирани комисии за родова еднаквост во некои општини. На пример, Комисија за родова еднаквост во општина Аеродром е формирана уште во 2005 година.

## 1.3. Родовата еднаквост е заложба и политика на ОН, Советот на Европа, и ЕУ

Собранието и ОБСЕ имаат издадено Прирачник за родова еднаквост и зајакнување на жените наменет за пратениците и собранискиот персонал, во кој е наведен и следниов цитат: „За да се постигне потполна еднаквост на жените и мажите во Европа потребен е здружен напор на разни чинители, како државните институции, граѓанското општество, медиумите, академијата и други.“ (стр. 11)

Во земјата дејствува и UN Women – тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените, кое соработува со повеќе државни институции. Во Целите за одржлив развој на ОН, заложбата за родова еднаквост е содржана во Цел бр. 5 „Да се постигне родова еднаквост и еманципација на жените и девојчињата.“

Нашата држава има и член во Комисијата за родова еднаквост на Советот на Европа, која е „формирана со цел да помогне да се обезбеди вклучување на родовата еднаквост во сите политики на Советот на Европа“, за што има посебна Стратегија за родова еднаквост (2018-2023)

Во процесот на преговори за пристапување кон ЕУ ја имаме предвид и „Стратегијата за родова еднаквост 2020-2025“, како и препораките во годишните извештаи кои се однесуваат на родовата еднаквост. На пример, една од препораките во извештајот за 2022 е: „Потребни се дополнителни мерки за промовирање на родовата еднаквост во медиумската индустрија.“ (Извештај за Северна Македонија за 2022 година).

### 1.4. Наместо промоција на родова еднаквост, промоција на антиродова пропаганда со дезинформации

Во случајов, наместо да ја промовира родова еднаквост, медиумот се стави во улога на промоција на антиродов пропагандист кој јавно шири дезинформации, родови стереотипи, сексизам и мизогинија. Во најгледаните вести, на епископот на МПЦ му се даде простор да дезинформира за родовата еднаквост како спорен и „непознат поим“, иако родовата еднаквост одамна е составен дел од политиките на национално и локално ниво, како и од политиките на ОН, Советот на Европа и ЕУ.

Претходно, на јавна трибина, истиот епископ на МПЦ јавно го стигматизираше предлог – законот за родова еднаквост како „најголемото зло и опасност за жената“. Во ударниот термин на вестите, на антиродовиот пропагандист му се даде медиумски простор да ја прогласува „родовата идеологија“ за фашизоидна, да култивира фобии и омраза, да го патологизира родовиот идентитет и да крева социјална паника во врска со стручни изрази, коишто со години се составен дел од нашите политики и од нашиот правен систем.

Медиумите и новинар(к)ите треба да се свесни дека со ширење на анти-родови дезинформации и антиродови пораки преку нивните платформи, можат да придонесат за ширење на дискриминацијата, говорот на омраза и насилството против жените и другите луѓе таргетирани од анти-родовите дискурси.

Медиумите и новинар(к)ите треба да се борат против анти-родовите дезинформации и антиродовиот говор кој поттикнува дискриминација и омраза, а не да го дисеминираат и зајакнуваат.

## 2. Родовата еднаквост не е закана, опасност и „погубна“ идеологија, туку фундаментално човеково право

### 2.1. Велигденско послание против родовата еднаквост

Повеќе медиуми на 17.04.2023 некритички ја пренесоа дезинформацијата дека „Родовата еднаквост е опасна, погубна и отровна идеологија“, припишувајќи му ја на Митрополит Петар (видете кластер наслови на time.mk).

ТВ Телма беше еден од неколкуте медиуми кои ваквото велигденско послание го опишаа како скандалозно – Владиката Петар со скандалозно велигденско послание – порача дека родовата еднаквост е изопачена (17.04.2023): „Но, да внимаваме! Вонмем! На нашето општество

молскавично му се заканува уште поопасна, попогубна и поотровна идеологија – родовата еднаквост! Оваа идеологија, односно манипулативна терминологија е богохулна, противприродна, изопачена; господ ги создаде машко и женско, и сѐ друго изменето, поинакво и поразлично од божјото создание е ненормално, а со тоа и неприфатливо“.

Од Велигденско послание на Митрополитот г. Петар, јасно е дека тој прави споредба на родовата еднаквост со „нихилизмот“, опишувајќи го како „најпогубната и најотровната на човекот понудена идеологија“, а потоа драматично предупредува дека „На нашето општество молскавично ѝ се заканува уште поопасна, попогубна и поотровна идеологија – родовата еднаквост!“

Но, во случајов, не станува збор само за неоснована споредба помеѓу „нихилизмот“ и родовата еднаквост, туку и за заплашување дека родовата еднаквост е голема закана – и „уште поопасна, попогубна и поотровна идеологија“, што е дезинформација.

## 2.2. Родовата еднаквост не е никаква закана и опасност – кај нас има натпартиски консензус во однос на политиките за родова еднаквост

Во првиот дел од анализата на медиумски настани кои промовираа анти-родова пропаганда, укажавме дека родовата еднаквост не е нешто ново и непознато, туку е составен дел од меѓународните и домашните закони, од националните и локалните стратегии и политики, и дека е политика на Обединетите нации, на Советот на Европа, и на ЕУ.

Политиките и законите во кои се афирмира родовата еднаквост се поддржани од најголемите политички партии. Родовата еднаквост е признаена како една од „вредностите на уставниот поредок“ уште со „Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020“, изгласана кога владејачка партија беше ВМРО-ДПМНЕ.

Во однос на политиките за родова еднаквост може да се каже дека одамна постои натпартиски консензус. На пример, клубот на пратенички формиран пред повеќе од две децении е составен од сите пратенички, независно на која пратеничка група припаѓаат, и дејствува „со заедничка и единствена цел – преку законски решенија да се постигне родова еднаквост“.

Носителката на кандидатска листа за пратеници на ВМРО-ДПМНЕ Гордана Сиљановска-Давкова стана претседателка на собраниската Комисија за еднакви можности на жените и мажите (која е надлежна за „разгледување на предлог Стратегијата за родова еднаквост“). Сиљановска-Давкова во Собранието се залагаше за „министерство за родова еднаквост

или барем министерка без ресор која ќе го води овој ресор“.

И во програмите на најголемите политички партии можеме да согледаме заложби за родова еднаквост. На пример, во програмата на СДСМ „Можеме“ (2020) стои дека „Родовата еднаквост и во следниот период ќе биде наш висок приоритет“, а во програмата на ВМРО-ДПМНЕ „Проект обнова“ (2020) стои дека „Унапредувањето на родовата еднаквост е од клучно значење за благосостојбата на општеството“. За унапредување на родовата еднаквост во повеќе сфери се залагаат и програмата на ДУИ, програмата на АА, Глас за Македонија, ДПА, итн.

Накусо, родовата еднаквост не е никаква општествена закана и опасност, туку е препознаена како политичка заложба и од страна на најголемите партии.

Точно пред една година, на 26.07.2022 година, на Седницата бр.50 на Собранието на Р. Северна Македонија беше разгледувана и изгласана Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година без ниту еден глас против и воздржани.

Во медиумската сфера, најновата стратегија за родова еднаквост се залага за „промовирање на родовата еднаквост во програмите и во содржините“, како и за „медиуми што не промовираат стереотипи и стереотипни улоги, туку родова еднаквост и различности“. Во Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, медиумите се препознаени како важни чинители во „борбата против сексизмот и стереотипизацијата на родовите улоги“. Како стратешка цел е „Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза“ и во медиумите, а истакната е и потребата за „ефикасно санкционирање на сексистичкиот говор на омраза“.

## 2.3. Родовата еднаквост не е никаква „погубна“ и „отровна“ идеологија, туку фундаментално човеково право

Наспроти обидите на антиродовите гласноговорници за оцрнување на родовата еднаквост како „погубна“ и „отровна“ идеологија, стои фактот дека родовата еднаквост е признаена како фундаментално човеково право од страна на Обединетите нации.

Родовата еднаквост е една од глобалните теми на ОН, каде што е дефинирана како „фундаментално човеково право“. Како една од целите за одржлив развој, родовата еднаквост е дефинирана не само како „фундаментално човеково право, туку и како неопходна основа за мирен, просперитетен и одржлив свет“.




Оттаму, дезинформација е дека родовата еднаквост е некаква идеологија која е опасна, погубна и отровна, затоа што истата е препознаена и потврдена како фундаментално човеково право, од страна на ОН, од страна на ЕУ, и од страна на Советот на Европа.

Новинар(к)ите треба да се медиумски писмени и свесни дека родовата еднаквост е фундаментално човеково право, и дека имаат етичка должност да не создаваат ниту преработуваат „информации што ги загрозуваат човековите права или слободи“.

Кампањите со дезинформации на анти-родовите пропагандисти ја загрозуваат родовата еднаквост како признаено фундаментално човеково право. Токму затоа, говорот против родовата еднаквост новинар(к)ите и медиумите самите веднаш треба да го врамуваат како говор против фундаментално човеково право, без да чекаат реакции на осуда од здруженија на граѓани.

Етичка обврска на новинар(к)ите е да не шират дезинформации и дискриминаторски говор против родовата еднаквост, кој притоа и жигосува луѓе како ненормални и неприфатливи. Медиумите и новинар(к)ите имаат обврска да промовираат родова еднаквост, а не да промовираат анти-родови пропагандисти (видете, на пример, За владиката Петар жената е виновна за разводите). За жал, истиот медиум кој го врами велигденското послание против родовата еднаквост како скандалозно, една седмица подоцна му овозможи едночасовно гостување на анти-родовиот пропагандист, за да си ги дообјасни осудите на родовата еднаквост.

# 3) Дезинформации за родовиот идентитет и за Истанбулската конвенција

## 3.1. Лажни обвинувања за дискриминација на жените и децата

Кога на 18.04.2023 МПЦ беше повикана да ги искоментира ставовите на владиката Петар против родовата еднаквост, претставникот на МПЦ изјави дека „Ние како Црква не сме расправале за тоа, тоа е лично мислење, но не е далеку вистината“. (МПЦ не коментира ниту се оградува од ставот на владиката Петар против родова еднаквост). Но, веќе на 5 мај 2023 неколку медиуми го пренесоа заедничкото соопштение на лидерите на пет верски заедници во однос на предлог-законите за матична евиденција и за родова еднаквост. Јавноста не беше информирана како за толку кратко време, од неполни три седмици, МПЦ успеа не само да ги проучи овие два закони, туку и да изгради заеднички став со уште неколку верски организации.

Во соопштението потпишано од верските лидери на МПЦ, ИВЗ, скопскиот бискуп, Евангелско-методистичка црква и Еврејската заедница се тврди следново: „Сметаме дека се неприфатливи легалното признавање на „родовиот идентитет“ во овие закони, како и збунувачкото разликување меѓу: пол, род и родов идентитет. Преку нивното донесување, наместо да се заштитат, се отвора можност за дискриминација токму на најранливите – жените и децата!“.

Но, во Предлог законот за родова еднаквост воопшто не се споменува правно признавање на „родовиот идентитет“, туку само во Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за матична евиденција. Уште во верзијата поставена на ЕНЕР уште во 2021 година се опишува потребата од промената: „Законот за матична евиденција не обезбедува јасна процедура за промена на ознаката за пол. Потребно е уредување на постапката за правно признавање на род со цел спроведување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права за случајот на лицето X против Република Македонија (Application no. 29683/16) од 17.01.2019 година како и негово хармонизирање со меѓународните стандарди во оваа област“.

Значи, потребата за законски промени произлегла од конкретна пресуда на Европскиот суд за човекови права. Пресудата е преведена на македонски јазик, и во неа се содржани и меѓународни стандарди на Советот на Европа и на ОН за законско/правно признавање на родот и родовиот идентитет.

Оттаму, непоткрепено е обвинувањето на верските лидери, дека со легалното признавање на „родовиот идентитет“ во овие закони „се

отвора можност за дискриминација токму на најранливите – жените и децата“. Ваквото лажно обвинување не е насочено само кон предлагачот на законот, туку и кон Европскиот суд за човекови права, кон Советот на Европа и Комитетот за човекови права на ОН кој има побарано државите да го признаат правото на трансродовите лица да го променат својот род: „Комитетот ги повика државите да го признаат правото на трансродовите лица да го променат својот род преку одобрување на издавање на нови изводи од матичната книга на родените и со забелешка да се донесе законодавство кое го олеснува правното признавање на промена на полот.“ (X против РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 8 ПРЕСУДА, стр. 8)

## 3.2. Родовиот идентитет и разликувањето пол/род/родов идентитет го има одамна во законите

Гласноговорниците на анти-родовото движење креираа перцепција во јавноста дека родовиот идентитет е нешто ново и непознато во нашите закони. Но, изразот „родов идентитет“, кој во соопштението е во наводници, не се воведува сега, во законските текстови против кои истапи МПЦ заедно со другите верски организации. Изразот „родов идентитет“ веќе го имаме во повеќе усвоени закони од Собранието, кои се со години дел од правниот поредок. Изразот „родов идентитет“ е претходно правно признаен и содржан во Кривичниот законик – во дефиницијата на „дело од омраза“ и во член 407-а, каде што се санкционира оправдување на геноцид. Изразот „родов идентитет“ е законски термин и во Законот за заштита на децата, во Законот за заштита на правата на пациентите, во Законот за спречување и заштита од дискриминација, во Законот за социјална заштита, во Законот за јавно обвинителство, во Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, итн.

Во последниов закон за АВМУ (указот го потпишува Ѓорге Иванов во 2018), се воведува забрана за програми со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа и на „пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет“ (чл. 48) и се воведува „Глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност“ за прекршок на правно лице за емитување и создавање програми со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза и врз основа на „пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет“ (Во член 147 (1)).

Значи, не е вистина дека родовиот идентитет е нешто ново и непознато во законите, како што тоа го тврдеа гласноговорниците на анти-родовото движење. И медиумите одамна имаат забрана за емитување и создавање програми со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза, не само врз основа на пол и род, туку и врз основа на родов идентитет. Оттаму, обврска на медиумите беше да ги информираат граѓаните за забраната за дискриминација врз основа и на родов идентитет,

а не да шират дискриминаторски дезинформации од гласноговорниците на анти-родовото движење против родовиот идентитет.

И правното разликување меѓу пол, род и родов идентитет, кое одеднаш за верските организации стана „збунувачко" во 2023, е содржано во повеќе од претходно цитираните закони, усвојувани години наназад. Обврска на медиумите беше да ги информираат граѓаните за постоечките законски разлики, а не да шират дискриминаторски дезинформации за пол, род и родов идентитет. Со оглед на тоа што терминот „родов идентитет", како и термините пол и род, со години се дел од правниот систем, логично е да се постави и прашањето: Зошто токму сега се крева паника и се пласираат дезинформации во врска со правните термини родов идентитет, родова еднаквост, род и пол, итн., кои се одамна дел од постоечкиот правен поредок?

## 3.3. Медиумите не треба да шират дезинформации за Истанбулската конвенција

Во заедничкото соопштение на лидерите на петте верски заедници се содржани и дезинформации за Истанбулската конвенција: „Изворот на овој загрижувачки тренд го лоцираме во ратификувањето на Истанбулската конвенција, која, благородната цел на заштита на жените и децата, ја искористи како параван за затскриено наметнување на родовата идеологија."

Меѓутоа, Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) сме ја потпишале на 08.07.2011, а е ратификувана кај нас на крајот од 2017 (Иванов го потпиша Указот за ратификација на Истанбулската конвенција.) Апсурдно е да се обвинува ратификувањето на Истанбулската конвенција за некакво „затскриено наметнување на родовата идеологија", кога родовата еднаквост кај нас е признаена како една од вредностите на уставниот поредок уште во „Стратегија за родова еднаквост 2013-2020".

Исто така, иако беше ратификувана во 2017, ратификацијата на Истанбулската конвенција беше содржана во програмата на ВМРО-ДПМНЕ од 2020 година, што е уште еден показател дека има убедливо политичко мнозинство за ратификацијата на Истанбулската конвенција: „Ратификацијата на Истанбулската конвенција несомнено ќе влијае на јакнење на националниот систем за спречување и заштита од насилството врз жената." (стр. 277)

276 ПРОГРАМА ВМРО-ДПМНЕ

ПРОЕКТ 3: ЗАШТИТАТА НА ЖЕНАТА ОД СИТЕ ФОРМИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И ЖРТВИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО – РАТИФИКАЦИЈА НА ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА

Нашата цел е воспоставување на нулта толеранција за различните облици на насилство на кои се изложени жените.

Насилство врз жените претставува кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените. Ги означува сите акти на родово засновано насилство коишто доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Ратификацијата на Истанбулската конвенција несомнено ќе влијае на јакнење на националниот систем за спречување и заштита од насилството врз жената.

Дополнително ќе предложиме бројни мерки со кои ќе ја подигнеме свеста на граѓаните за препознавање на родовата нееднаквост и дејствување во насока на остварување на родовата еднаквост со цел отказите поради бременост, помалку платениот труд, мобингот и насилството да останат во минатото. Унапредувањето на родовата еднаквост е од клучно значење за благосостојбата на општеството.

Рок: континуирано.

Буџет: 8 милиони денари.

МЕРКА 3. ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО – ОСНОВА ЗА ЕДНАКВОСТ И ДЕМОКРАТИЈА

*Исечок од програмата на ВМРО-ДПМНЕ од 2020 година*

И Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (кој е практична имплементација на Истанбулската конвенција) немаше да биде донесен без поддршката на ВМРО-ДПМНЕ. Токму со овој закон, меѓу другото, се дефинира „Трансродово лице“ („лице кое родово не се идентификува со полот определен при раѓање“) и се идентификуваат како ранливи жени и „лезбијки, бисексуалки и трансродови луѓе“. (чл 7).

6) „**Пол**“ ги подразбира физичките карактеристики на поединецот (репродуктивен систем, хромозоми, хормони) според кои се назначува полот кој на поединци им се определува при раѓањето, врз основа на комбинација на телесни карактеристики и внатрешни репродуктивни органи;

7) „**Род**“ ги подразбира општествено конструираните улоги, однесувања, активности и атрибути што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите;

8) „**Трансродово лице**“ е лице кое родово не се идентификува со полот определен при раѓање;

*Дел од чл. 3 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство*

За новинар(к)ите, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство е битен не само затоа што е заснован на начелото на родово одговорни политики кои придонесуваат за родова еднаквост (чл. 9), туку и затоа што дефинира конкретни обврски за медиумите.

Согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, медиумите, како и други организации, „се должни да преземаат превентивни мерки за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги базирани на културата, обичаите, верата, традициите и други“ (чл. 33). Медиумите преземаат и посебни превентивни мерки: „при креирањето и емитувањето информативни и едукативни програми водат сметка за подигање на свеста кај општата јавност за сите форми на родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги“ (чл 37 ст. 1).

Токму затоа, медиумите имаат обврска да не објавуваат и дезинформации за Истанбулската конвенција, која „не наметнува ништо што би го „загрозило“ социјалното ткиво и вредностите на општествата“, туку „искоренувањето на насилството врз жените и семејното насилство Конвенцијата го става во контекст на постигнување, де јуре и де факто, на родова еднаквост“.

Во соопштението на верските организации се апелира и за повлекување на државата од Истанбулската конвенција „по примерот на многу земји членки на ЕУ кои од него се дистанцираа, како што се: Турција, Чешка, Унгарија, Бугарија, Словачка, Литванија и Латвија, и кои сè уште не го ратификувале, односно некои го отфрлија токму поради неговата родова компонента“.

Како прво, дезинформација е дека Турција е членка на ЕУ. Како второ, „родовата компонента“ е дел од нашиот систем далеку пред ратификувањето на Истанбулската конвенција. Трето, истиот ден кога беше објавено соопштението на верските организации беше актуелна веста дека „Европскиот парламент ќе гласа за воведување на Истанбулската конвенција“ (што и се случи на почетокот на јуни), настан кој не наиде на интерес во македонските медиуми. Во меѓувреме, за македонските медиуми беа поактуелни дезинформациите на верските лидери дека Истанбулската конвенција „ја загрозувала жената“ (МПЦ е против Истанбулската конвенција, ја загрозувала жената, рече г.г. Стефан), отколку информациите дека на 28 јуни 2023 и ЕУ ја ратификуваше Истанбулската конвенција, испраќајќи порака дека со тоа „ЕУ добива значајно орудие за борба против насилството врз жените и домашното насилство“.

## 4) Анти-родовото движење во Македонија и руската пропаганда

Во четвртиот дел од оваа анализа, ќе ја проследиме поврзаноста на подемот на анти-родовото движење (напливот од мизогинија, хомофобија и трансфобија), со напливот од руска пропаганда по агресијата на Русија врз Украина. И пред 2022, Западот и Европа беа мета на руска пропаганда, која настојуваше да сее поделба во врска со ЛГБТИ+ правата помеѓу земјите членки на ЕУ и кандидатите за членство. Иако руската влада не се перципира како единствен анти-родов актер, таа е „клучен актер“ на странско влијание во дезинформациските кампањи за ЛГБТИ+ луѓето во ЕУ. Ваквите дезинформациски кампањи се водат и од противниците на „родовата идеологија“ – израз чија употреба „спаѓа во категоријата на дезинформации“ во случаи кога се шири намерно за да ја прелаже јавноста.

Дезинформациските анти-родови кампањи по руската воена агресија врз Украина се дополнителен предизвик за етичкото новинарство, имајќи предвид дека хомофобијата, трансфобијата и анти-родовите наративи се клучни состојки на проруските кампањи со дезинформации, кои се забележителни и во земјите членки на ЕУ, и во Западен Балкан. Еден од главните руски наративи со дезинформации е наративот за „загрозени вредности“ од страна на Западот, чии вредности честопати се поистоветуваат со правата на жените, ЛГБТИ+ права и правата на други малцинства.

### 4.1. Анти-родовото движење пред руската агресија врз Украина

Антиродовото движење и политичката борба против „родовата идеологија“ не се нови феномени на Балканот, како ни детектираната „руска врска“. И во Македонија години наназад можат да се детектираат повеќе религиозни, граѓански, ултра-националистички, и партиско-политички форми на отпор и различни актери против „родовата идеологија“.

На пример, на еден католички сајт во текстот „Полова рамноправност или родова еднаквост?“ „родовата идеологија“ се напаѓа уште во 2014, меѓу другото, и како „службена политика на западните земји и Европската унија“. Во 2019 г., 19 граѓански здруженија и неформални групи потпишаа „Декларација за заштита на бракот и семејството“, со која изразија неприфаќање на „родовата идеологија во воспитувањето и образованието на децата“ („Сојузот за живот“ побара зачувување на традиционалните семејни вредности).

Во 2020 г. проруската партија „Родина Македонија“ идеолошки се позиционираше против „сексистичка ЛГБТ и педофилска идеологија…“ и „родовата идеологија“ (Родина Македонија: Одродената власт со најавеното ,,сексуално воспитување” оди против природата, против науката и против Бога). Тогаш се појавуваат и „неколку групи што се застапуваа против родово сензитивното образование и пилотирањето на сексуалното

образование“, кои мобилизираат против „родова идеологија“ и „родова индоктринација“ (Кој се плаши од родот? Анализа на клучните стратегии и наративи на анти-родовите движења во Северна Македонија).

Во 2021 година, и Светскиот Македонски Конгрес (СМК) ширеше дезинформации за „родовата идеологија во воспитанието и образованието на децата“, сместувајќи ја во неприфатливите појави за сите Македонци, заедно со „истополовите бракови, инцестот, полигамијата, педофилијата, некрофилијата и зоофилијата…“ (Тодор Петров распали по Ненси Пелоси: Дали сте нормални да забрануватe употреба на зборовите мајка и татко).

Во контекст на Локалните избори од 2021, политичката борба против „родовата идеологија“ беше маргинална тема, застапувана главно од проруски партии и активисти, кои беа видливи на социјалните мрежи. Во кампањата на овие избори во 2021 година, политичките кандидати на „Родина Македонија“ ветуваа заштита на децата од „психопатските невладини здруженија“ и забрана на „монструозното сензитивно сексуално образование“, ширејќи дезинформации и трансфобија. Во руски пропаганден стил со дискредитации, конспирации и дезинформации, „Родина Македонија“ ја напаѓаше и власта обвинувајќи ја дека „идеално одговара на агендите за депопулација со големи бројки на смртност, одродување со трансродово сексуално образование и со демакедонизирање…“ (Проруската политичка партија „Родина Македонија“ – дезинформации, теории на заговор и поттикнување омраза).

## 4.2.Подемот на анти-родовото движење во Македонија и анти-родовата проруска пропаганда

Во почетокот на 2022 година, анти-родовото движење во Македонија не беше перципирано како масовно, туку главно како пропагандна активност против „трансродовата идеологија“ на социјалните мрежи (Кој се „плаши“ од трансродовите лица?). Но, по воената агресија на Русија врз Украина, може да се забележи подем на антиродовото движење и јавна поддршка на анти-родови групи од великодостојници на МПЦ. Исто така, забележлива е и поголема организираност и видливост преку т.н. Коалиција за заштита на децата, која се залага за „заштита на децата од родовата идеологија во образованието, општествениот и социјалниот живот“ (Семејството на прво место: Подемот на антиродовото движење во Северна Македонија).

Во овој период на подем, мнозинството македонски медиуми пропуштија да ја согледаат поврзаноста на подемот на анти-родовото движење со руската и проруската пропаганда. Но, врската помеѓу анти-родовата „Коалиција за заштита на децата“ и (про)руската пропаганда со дезинформации лесно може да се детектира преку анализа на медиумски највидливите анти-родови актери.

Имено, мнозинството медиуми не согледаа дека највидливата медиумска гласноговорничка на т.н. „Коалиција за заштита на децата“ е дел од раководството (и донаторка) на проруската партија „Родина Македонија“ – еден од најексплицитните извори на руска пропаганда со дезинформации во Македонија. Партијата „Родина Македонија“ (која произлегува од здружението МИР – кратенка од „Македонија и Русија“), на 20 јануари 2022 организираше протест пред украинската амбасада против „глорификацијата на нацизмот во Украина”, а по воената агресија на Русија врз Украина, му даде отворена поддршка на Путин за „дефашизација“ на Украина пред руската амбасада. *Во овој период,* највидливата медиумска гласноговорничка на т.н. „Коалиција за заштита на децата“, Гордана Гоџо, беше споделувач на проруски дезинформации на Фејсбук на многу теми, дел од нив означени од оваа социјална мрежа како „лажни информации“. И претходно, за време на ковид пандемијата, Гоџо ширеше заплашувачки дезинформации за вакцините, а проруската „Родина Македонија“ ѝ овозможи видеоплатформа за дополнително ширење дезинформации и теории на завера за пандемијата и вакцинацијата.

## 4.3. Анти-родови дезинформации и поттикнување омраза и непријателство на верски трибини

Во текот на 2022 и 2023 година, како главен актер во анти-родовото движење во Македонија се проби епископот на МПЦ Јаков, како учесник на повеќе верски трибини против „родовата идеологија“. На една од верските трибини одржана во март 2023, епископот на МПЦ тврдеше дека „Родовата еднаквост е најголемото зло и најголемата опасност за жената“, го демонизираше „трансџендеризмот“ не само како „пореметување“, туку и како дело на ѓаволот, и поттикнуваше омраза кон невладините здруженија и активисти стигматизирајќи ги како непријатели и „платеници“.

На истата трибина, беше поканета и Гордана Гоџо како претставник на „Коалиција за заштита на децата“. Гоџо креираше социјална паника, ширејќи стравови и бројни дезинформации за сексуалното образование, притоа напаѓајќи ги не само здруженијата на граѓани, туку и СЗО, дека преку сексуалното образование промовирале порнографија и „педофилски сексуални врски“. Според Коалиција за заштита на децата, на трибината „и епископот Јаков и Гордана Гоџо посочија дека крајната цел на родовата идеологија и сексуализацијата на децата е веќе видлива – нормализирање и озаконување на педофилијата“.

Излагањето на Гоџо на трибината беше промовирано и во партиската програма во живо „Родински разговори“, каде што сексуалното образование беше претставено како „монструозен проект“ и „вовед во Македонската погибел“, а Гоџо во улога на гостинка ширеше паранoја и ги изложуваше „опасностите“ од воведување на сексуално образование. Во емисијата,

Западот се демонизира и портретира како загрозувач на бракот и семејството (не само преку регистрација на истополови бракови, туку и бракови помеѓу човек и животно), а сексуалното образование се оцрнува како вовед во легализација на содомија, поддржувано од „содомити“ и „сатанисти“.

## 4.4. Антизападната пропагандна кампања против „родовата идеологија“ на „Родина Македонија“

Перманентната антизападна пропагандна кампања против „родовата идеологија“ на проруската „Родина Македонија“ им овозможи и пробив на националната ТВ Алфа во емисијата „За или против“ на 26.06.2023. Членот на претседателството на партијата Томче Ширков, заедно со претставник на МПЦ (Ивица Тодоров), ширеа дезинформации за „родовата идеологија“, поттикнуваа омраза против „родовите идеолози“ и промовираа анти-западни теории на заговори против трансродовоста: „Гостите тврдат дека трансродовоста ќе се ширела како зараза и ќе настанел хаос во светот, уривање на државите, целосна бела чума“, ја опиша емисијата еден новинар (ТВ егзорцизам против родовата еднаквост).

Во емисијата, претставникот на „Родина Македонија“ ширеше стравови за озаконување на педофилија и дезинформации за некаква „глобална криминализација на поимот мајка, таа веќе не била мајка, таа била производител на нови луѓе“. Ширков дезинформира и дека на Западот имало тренд на „криминализација и сатанизација на секој возвишен поим“. Во текот на целата емисија се патологизираат и демонизираат луѓето „опседнати“ од „родовата идеологија“, а „експертот“ од проруската партија сугерираше дека црквата треба да се занимава со „опседнатите“ користејќи ги библиските техники на „егзорцизам, односно демонопрогонение“.

Ваквите наративи со дезинформации несомнено црпат инспирација од рускиот пропаганден наратив за „загрозени вредности“ од страна на Западот, обвинуван за индоктринација со „родовата идеологија“.

Ширков и отец Тодоров продолжија да шират дезинформации и антизападни теории на заговор и во „вонредната емисија“ на „Родински разговори“, насловена „Родова еднаквост или загрозување на се македонско: Род, Народ, Општество“ (28.06.2023). Во емисијата, Ширков ги промовира и програмските цели на Родина Македонија за „зачувување на семејството како основна структурна и функционална единка“, обвинувајќи дека Западот сакал да го убие не само семејството како клетка, туку и „сакаат да го убијат македонскиот организам и македонштината во целост“.

Проруската „Родина Македонија“ се промовира како бранител на родот и полот, бракот, семејството и децата, претставувајќи ги како „загрозени вредности“ од страна на Западот. „Родина Македонија“ е и официјален партиски поддржувач на т.н. „Коалиција за заштита на децата“

чии активности се промовираат на нивните медиумски платформи. На пример, во емисијата „Родински разговори 30.06.2023“, партискиот лидер разговара со гласноговорничката на „Коалиција за заштита на децата“ Гордана Гоџо, облечена во партиска маичка, која ги промовира коалициските активности како партиски, ширејќи притоа партиска пропаганда против „родовата идеологија“.




*Скриншот од емисијата „Родински разговори“ од 30.06.2023*

Во емисијата, лидерот на „Родина Македонија“ и главната анти-родова активистка се фалат и со транспарентот во прв ред на „Коалиција за заштита на децата“ – прикажувајќи го како партиски транспарент.




*Скриншот од емисијата каде што е прикажан транспарентот на „Родина Македонија“ во прв ред од протестот на МПЦ*

Во партискиот видео-стриминг, лидерот на „Родина Македонија“ екплицитно потврди дека транспарентот на „Коалиција на заштита на децата“ бил партиски, со партиска порака, држен од партиски активисти облечени во партиски маички: „Еве ја Родина Македонија со транспарентот и со овие маички… ние сме дел од овие активности, бидејќи и во нашето име на партијата се содржани родот и родината“.




*Скриншот од „Родински разговори“ со фотографија на активисти на Родина кои го држат транспарентот на „Коалиција за заштита на децата“*

Во истата емисија, лидерот на партијата Зоран Јованчев го претставува Владимир Путин како бранител на општеството, мажот, жената, семејството и Бог, загрозени од Западот: „И Владимир Путин го менуваше рускиот устав за да ја зацементира позицијата на мажот, жената, семејството и Бог, гледајќи каква сила доаѓа наваму, бранејќи го општеството.“

„Родина Македонија“ ја претставува „родовата идеологија“ како „одродување на општеството“, како нешто што е наспроти природата, а себеси се промовира како борец против индоктринација на децата и спасител од трансродовоста како општествена закана за „традиционалните вредности“: „Да ги зајакнеме семејствата, да си ги вратиме децата. Градовите малце да ги растеретиме, да ги зајакнеме селата. Малку повеќе физичка работа на село, ќе видите како ќе исчезне и транс-род, и ЛЏТБ и сите тие деформации… Стриктно ќе се бориме против индоктринација на нашите деца и наметнување на тие правила и вредности во нашето општество“, вели Јованчев во емисијата.

На 26.07.2023, кога е објавена веста дека Русија ги забранува трансродовите медицински процедури, Гордана Гоџо ја споделува

дезинформирачката порака на страницата „Преземи одговорност“: „Путин во еден момент родовата идеологија ја спореди со корона вирусот и изјави дека тој се држи до традиционалното разбирање што е тоа жена, маж, мајка и татко.“

## 4.5. Врските на анти-родовата пропаганда со руската пропаганда

Исто како што во Путиновата Русија „родовата идеологија“ се пропагира како закана за националната безбедност, така и „Родина Македонија“ ја пропагира „родовата идеологија“ како национална закана за „македонскиот организам и македонштината“.

Исто како што Русија води пропаганда против „родовата идеологија“ како форма на индоктринација, така и кај нас „Родина Македонија“ се обидува да наметне дискурс против „(транс)родовата идеологија“ како Западна индоктринација.

Слично како што застапниците на родовата еднаквост во Русија се жигосуваат како „петоколонаши“, „квислинзи“ и национална закана, така и „Родина Македонија“ ги стигматизира активистите за родова еднаквост како „странски платеници“ и национални непријатели и предавници.

Сето тоа е согласно политичката цел на „Родина Македонија“ која уште во септември 2022 година покрена петиција за членство во Евроазиската Економска Унија и БРИКС, охрабрувајќи ги Македонците „да излезат од понижувачкиот отчовечен ГМО, трансродов, ЛГБТ, евроатлански свет…“.

За жал, македонските медиуми не успеаја да ги согледаат и да ги обелоденат врските и сличностите на анти-родовата пропаганда во Македонија со руската антизападна пропаганда против „родовата идеологија“ и ЛГБТИ+ правата. Иако медиумите и новинар(к)ите имаат етичка должност да не шират дезинформации и говор кој поттикнува омраза или дискриминација (меѓу другото, и врз основа на пол, род, родов идентитет), повеќето медиуми им отстапија голем простор на антиродовите гласноговорници за ширење на антизападна пропаганда со дезинформации и поттикнување на омраза врз основа на пол, род, и родов идентитет.

## 5. Злоупотреба на медиумите за ширење дискриминација и говор на омраза врз основа на род и родов идентитет

Во петтиот дел од оваа анализа, ќе видиме како дел од медиумите беа злоупотребени и овозможија поттикнување натамошна дискриминација и говор на омраза кон ЛГБТИ лицата од страна на анти-родови актери, и покрај тоа што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дискриминација, односно „вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет“ од страна на епископ на МПЦ во неговите медиумски и јавни настапи.

### 5.1. Медиумите како соучесници во поттикнување анти-родова дискриминација

Во јуни 2023, откако веќе беше најавено дека Четвртата скопска „Парада на гордоста“ ќе се одржи на 24 јуни, забележително беше засилувањето на анти-родовата пропаганда со дезинформации и теории на заговори од страна на претставниците на МПЦ и во дел од македонските медиуми.

На пример, од т.н. **Дебата за родова еднаквост во Струмица,** екстремистичките и дискриминаторски пораки на владиката Јаков беа медиумски сублимирани на следниов начин: „Намерите на родовите идеолози и центрите на моќ се злобни. Повеќе од очигледно е дека подготвуваат тоталитаристички логор во којшто сакаат да го затворат не само нашиот народ, не само македонското општество, туку сиот свет“. Во ставовите пренесени во ТВ-прилогот на Сител нема никаква фактичка поткрепа на застрашувачкото и сосема неосновано обвинување дека некој подготвува за „тоталитаристички логор“ во кој би бил затворен сиот свет.

Фактички непоткрепеното тврдење е засилено и со жигосување на „родовата идеологија“ како „исконски непријател на човештвото“: „Во суштина, во позадина, на целата оваа идеологија, оваа пропаганда, ова тоталитаристичко движење кое што го покорува светот, гледам само едно лице – лицето на исконскиот непријател на човештвото...“.

Истиот ден кога беа објавени ваквите ставови кои ширеа негативни стереотипи, дезинформации, непријателство и омраза кон „родовата идеологија“ и „родовите идеолози“, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) донесе мислење во кое утврди „вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет“ врз ЛГБТИ+ заедницата. Констатирано е дека вознемирувањето е сторено претходно на истата ТВ и на други јавни настапи, од страна на истиот верски лидер кој „изразил мислења, ставови и идеи кои се понижувачки, навредливи и деградирачки кон трансродовите лица и кои ја охрабруваат дискриминацијата и омразата“ кон ЛГБТИ луѓето.

Кога по неколку дена веста проби во медиумите, само мал дел од нив во наслов ја истакнаа утврдената дискриминација извршена од страна на епископот на МПЦ, како и основите за дискриминација (на пример, КСЗД уврди дека епископот Јаков Стобиски има извршено дискриминација и треба да се извини на ЛГБТИ заедницата, КСЗД утврди дека епископот Јаков Стобиски извршил дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, Епископот Стобиски да се извини за вознемирување врз основа на сексуална ориентација или следува прекршочна постапка).

Уште помал дел од медиумите ја пренесоа констатацијата на КСЗД дека „Преку етикетирањето на трансродовите лица како лица кои „страдаат од ментално растројство“ и нивно поистоветување со педофилија, сатанизам, итн., Јаков Стобиски сериозно го повредил нивното достоинство и создал непријателска и застрашувачка средина.“

За жал, на прсти можат да се избројат медиумите кои пренесоа дека епископот ширел и лажни тврдења во врска со здравјето на трансродовите лица, како и дека тенденциозно, но и погрешно, „ја претставил трансродовоста како болест и нешто штетно и заразно.“ Така, многу малку медиуми известија за штетата од ваквото ширење на лажни и погрешни тврдења: „...со ваквиот говор тој поттикнал понатамошна дискриминација кон овие лица и нивните поддржувачи, со тоа што предизвикал и охрабрил лавина реакции на социјалните мрежи во кои е содржан вознемирувачки говор кон ЛГБТИ лицата“, стои во Мислењето на КСЗД.

Исто така, медиумите речиси го игнорираа ставот на КЗСД дека со „лажните тврдења кои ги изнел во врска со здравјето на трансродовите лица...“, епископот на МПЦ „свесно придонел кон дополнителна стигматизација и дехуманизација на тие лица“.

## 5.2. Медиумите треба да се борат против дискриминацијата, а не да овозможуваат простор за неа

Медиумите имаат значајна улога во подигнувањето на свеста на граѓаните за штетните последици од дискриминацијата, за промоција на еднаквоста и борбата против сите форми на дискриминација.

На пример, во март 2022 Советот за етика во медиумите потпиша меморандум за соработка со КСЗД со цел „да се подигне свеста на граѓаните за штетните последици од дискриминацијата и вознемирувачкиот говор во јавната сфера, но и промовирање на независно, професионално и етичко известување во медиумите, ослободено од дискриминаторски говор и предрасуди, вознемирувачки говор, како и говор кој провоцира или поттикнува дискриминација“ (за жал, веста со овие пораки не беше пренесена во македонските медиуми).

По утврдената дискриминација од страна на КСЗД, етичка обврска на медиумите беше да им дадат простор на жртвите на дискриминацијата и на претставниците на КСЗД јавно да ја образложат одлуката, а не да даваат дополнителен медиумски простор за вознемирувачки говор врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација.

Но, претставникот на КЗСД беше повикан во медиуми да ја образложи одлуката дури по една седмица, а неговите ставови имаа незначителен медиумски пробив (Камбери: Епископот Стобиски го злоупотреби правото на слобода на говор). На пример, и во дебатната емисија Стадион на Канал 77 (една од ретките емисии каде што им се отстапи простор и на жртвите на дискриминацијата), повторно главен гостин беше сторителот на дискриминација, а споредни гости беа подносител на претставката, претставникот на КЗСД и министерката за труд и социјална политика.

Во меѓувреме, иако КЗСД му препорача на епископот на МПЦ „да се воздржува од јавни настапи со вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или која било друга дискриминаторска основа", повеќе медиуми продолжија да ги пренесуваат ставовите на епископот Јаков со кои се патологизираат трансродовите лица како „ненормални". Дел од медиумите го претставуваа дури и Јаков Стобиски како жртва на КСЗД (КСЗД јуриша на Јаков Стобиски), а дел пак ги пренесоа неговите дезинформации дека родот и родовиот идентитет се „нешто што не постои во нашите закони..." (дезинформации разобличени претходно, во делот Родовиот идентитет и разликувањето пол/род/родов идентитет го има одамна во законите).

Сепак, најмногу простор на епископот Јаков му отстапи ТВ Сител, со гостување во вестите, каде што црковниот лидер е редовен гостин. Во гостувањето најнапред се ширеа дезинформации дека на епископот му било забрането појавување на ТВ емисии и јавни настапи – што потоа беше демантирано од претставникот на КЗСД како неточно. Имено, во Мислењето на КЗСД не се *забранува* јавен настап воопшто, туку *се препорачува* верскиот лидер „во иднина да се воздржи од јавни настапи кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која дискриминаторска основа...".

Исто така, гостинот на ТВ Сител дезинформираше дека „во моите излагања, во моите говори, иако имаше такво спинување, не е пронајдена ниту трага од дискриминација, говор на омраза – бог да чува, такво нешто не постои". Како прво, мислењето на КЗСД е објавено во графата „утврдена дискриминација" (што стои и во веб-адресата), а и според Прирачникот за антидискриминација, вознемирувањето се третира како вид на дискриминација. Како второ, невистина е дека „не е пронајдена ниту трага од дискриминација" затоа што во мислењето на КЗСД експлицитно стои дека „поттикнал понатамошна дискриминација". Во мислењето на КЗСД

јасно стои и дека во претходно гостување на ТВ Сител и на јавни трибини имал изразувања кои „ја охрабруваат дискриминацијата и омразата кон ЛГБТИ луѓето“. Исто така, се укажува и дека „има право да ги искаже своите ставови и мислења..., но не на начин кој охрабрува и поттикнува дискриминација кон одредена група на луѓе или јавно се залага за нивно маргинализирање и стигматизирање.“

За жал, наместо професионално и етичко известување за мислењето на КЗСД, медиумот со отстапување на простор за ова гостување, повторно овозможи вознемирувачки говор, како и говор кој провоцира или поттикнува дискриминација, и шири дезинформации за законите против кои истапи МПЦ (преку непоткрепените обвинувања и заплашувања дека законите биле во „чудовишна, монструозна форма“, дека станувало збор за „законски решенија кои ја загрозуваат слободата на постоење“, со кои ќе „се доуништиме, и потонеме во хаос“).

## 5.3. Медиумите треба да се борат против говорот на омраза, а не да овозможуваат простор за него

Неколку дена по парадата на гордоста, на која ЛГБТИ активисти се пожалија на зголемен говор на омраза и негово неказнување (Говорот на омраза зема замав, институциите не реагираат), во неколку медиуми пробија пораките од гласноговорникот на МПЦ Јаков дека „државата и верските заедници се едни од најтолерантните кон ЛГБТИ+ заедницата“ (видете и МПЦ: Без говор на омраза на протестот во четврток: „Нашата држава е најтолерантна кон ЛГБТИ заедницата“).

Од видеото (кое содржи дезинформација во насловот „МПЦ: Предложените закони ќе ги загрозат правата на 99 отсто на граѓаните“), може да се види дека гласноговорникот на МПЦ Јаков Стобиски го изјавува следново: „А морам да потенцирам дека нашата држава, нашето општество, и верските заедници во нашето општество се едни од најтолерантните кон таа заедница. Дали сте забележале некакви протести, или некакво попречување од страна на црквата или говор на омраза кон тие луѓе? Апсолутно, ние видовме успешна парада“.

Но, тврдењето дека „нашата држава, нашето општество, и верските заедници во нашето општество се едни од најтолерантните кон таа заедница“ не ја поминува проверката на факти.

Релевантни извештаи посочуваат дека дезинформациите и анти-ЛГБТ сентименти се шират низ Западен Балкан, дека се во подем по војната на Русија во Украина, како и дека ЛГБТИ луѓето и граѓанското општество се мета на навредувачки кампањи, омраза и непријателство, кои произлегуваат не само од про-владини, туку и од „про-руски сили и религиозни лидери“.

Во повеќе релевантни извештаи се посочува дека нашата држава и нашето општество не се „едни од најтолерантните“ кон ЛГБТИ заедницата. На пример, според виножитната мапа и индекс на ИЛГА-Европа, Северна Македонија бележиназадување од 31-во на 32-ро место, а во извештајот се вели дека говорот на омраза останува сериозен проблем, со мала реакција од страна на властите.

И во извештајот на ЕК од 2022 се констатира дека „Говорот на омраза и погрдните термини за ЛГБТИК-лицата продолжуваат да преовладуваат во онлајн просторот“ и се укажува: „Промовирањето на еднаквоста и осудата на говорот на омраза, злосторствата од омраза, дискриминацијата и нетолеранцијата кон лезбијките, геј-мажите, бисексуалците, трансродовите, интерсекс и квир лица (ЛГБТИК) треба да биде систематско.“ И последниот скрининг извештај од 20.07.2023 (дел за „Права на лезбејки, геј, трансродови, интерсекс, и квир лица“), укажува на неефикасно справување на правосудството со криминалот од омраза и говорот на омраза, како и дека „Физичките напади и говорот на омраза остануваат вообичаени, особено на социјалните медиуми“. Тука треба да се земат предвид и укажувањата дека „неказнето циркулира говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет“, и дека „јавниот дискурс станува сè пополаризиран и понасилен, особено против трансродовите луѓе“.

Оттаму, дезинформација е дека „нашата држава, нашето општество, и верските заедници во нашето општество се едни од најтолерантните“ кон ЛГБТИ заедницата, како што е дезинформација дека немало говор на омраза на последната парада на гордоста во Скопје.

На секој од последните четири прајдови во Скопје, беа објавувани видеа во живо од страна на национални медиуми, проследени со стотици, во некои случаи и илјадници коментари преполни со говор на омраза (видете, Во борба, македонски народе…против говорот на омраза! и ПАРАДАТА НА ГОРДОСТА И ХОМОФОБИЧНИОТ ГОВОР НА ОМРАЗА).

И под едно такво видео во живо од 2023, можат да се детектираат стотици хомофобични и трансфобични коментари, од кои дел поттикнуваат омраза и повикуваат на сериозни дела од омраза. Во лепезата екстремни коментари на говор на омраза за последниот прајд, кои сè уште не се отстранети под повеќе видео-објави на социјалните мрежи, можеме да детектираме и коментари во кои се спомнуваат „гасни комори“, „Аушвиц“, коментари во кои се глорификува Хитлер или пак се повикува Путин да пушти атомска бомба или друго оружје за масовно уништување. Секако, најекстремни се коментарите во кои се оправдува геноцидот на Хитлер и во кои се содржани директни повици за геноцид на ЛГБТИ+ луѓето.

## 5.4. Медиумите и новинар(к)ите можат и кривично да одговараат за ширење на говор на омраза

Новинар(к)ите имаат и етички должности и законска одговорност во врска со говорот на омраза.

Тие имаат етичка должност да не говорат со јазикот на омразата и да не поттикнуваат на насилство и дискриминација по која било основа. Според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ, „Имајќи ја предвид опасноста по поединците, групите или целото општество, онлајн медиумите нема никогаш да поттикнуваат омраза или нетрпеливост“ и врз основа на „пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет“.

Според истите Насоки, медиумите имаат и етичка обврска „да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него“. Тоа подразбира создавање „содржини со коишто ќе се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи“. Тоа подразбира и „брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на вебстраниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството“.

За жал, голем дел од нашите медиуми не послужија како платформи за борба против говорот на омраза врз основа на „пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет“, туку како платформи за ширење на анти-родов говор кој поттикнува омраза, непријателство, социјално исклучување и насилство.

Покрај етичките должности, новинар(к)ите и медиумите имаат и законски должности, забрани и одговорност во врска со говорот на омраза. Согласно законот, аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза и врз основа на „пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет“, итн. (за прекршување на оваа забрана може да се изрече глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност).

И Законот за спречување и заштита од дискриминација се применува во „јавно информирање и медиуми“, а содржи забрана на секоја дискриминација, и врз основа на „пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет“, како и прекршочни одредби и глоби.

И Кривичниот законик препознава дела од омраза врз основа на „пол, родов идентитет, сексуална ориентација“, а со казна затвор најмалку четири години се казнува „Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства“, „со намера за поттикнување

омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група на лица поради... пол, родов идентитет, сексуална ориентација...“. Основата „родов идентитет“ е предвидена и со закон и со ратификуван меѓународен договор, па оттаму и по оваа основа може да се казнува за „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“, „Повреда на рамноправноста на граѓаните“, „Загрозување на сигурноста“, „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“, „Расна и друга дискриминација“.

Накусо, медиумите и новинар(к)ите треба да бидат внимателни при пренесувањето на вакви ставови, бидејќи и тие можат и кривично да одговараат за ширење на говор на омраза, врз основа на повеќе одредби од Кривичниот законик.

## 6. Анти-родовите дезинформации и протестот на МПЦ-ОА

Во овој последен дел од анализата ќе сумираме како Законот за родова еднаквост, за кој постоеше натпартиски консензус на 8 март 2023, стана главна мета на анти-родова кампања со дезинформации, која кулминираше со првиот протест организиран од најбројната верска организација МПЦ-ОА.

За жал, откако МПЦ-ОА и нејзините лидери повикаа на протест против предлог законите за родова еднаквост и матична евиденција, повеќе новинар(к)и и медиуми се јавија во улога на распространувачи на дезинформации, наместо во улога на проверувачи на факти.

### 6.1. На 8 март 2023 никој немаше против донесување на Законот за родова еднаквост

Идејата за Закон за родова еднаквост и Секретаријат за родова еднаквост не е нешто ново, туку дел од јавните расправи за новата Стратегија за родова еднаквост, која беше изгласана во јули 2022, како продолжение на првата стратегија усвоена во 2013 година. МПЦ-ОА немаше никакви јавни реакции, на пример, кога во 2021 година Гордана Сиљановска, пратеничка од листата на ВМРО-ДПМНЕ и претседателска кандидатка во 2019, јавно ја критикуваше идејата за Секретаријат за родова еднаквост, и тврдеше дека „министерство за родова еднаквост би било добро решение“ (Силјановска-Давкова: Ни треба Министерство за родова еднаквост). Исто така, ниеден верски лидер не реагираше кога лидерот на ВМРО-ДПМНЕ на 8.03.2023 ја промовираше родовата еднаквост како една од целите на ОН, цитирајќи го Кофи Анан: „Родовата еднаквост е повеќе од цел сама по себе, тоа е предуслов за намалување на сиромаштијата, промоција на одржлив развој и градење на добро владеење“ (Мицкоски: Не е доволно само декларативна заложба за родова еднаквост).

МПЦ-ОА не реагираше ниту кога на 8.03.2023 година се одржа свечена собраниска седница на која пратенички од ВМРО-ДПМНЕ јавно се залагаа за што поголема родова еднаквост. На свечената седница, пратеничката од ВМРО-ДПМНЕ Жаклина Пешевска се пофали дека „Најголем број на донесените и стратегии за унапредување на родовите политики се донесени во време на владеење на нашата партија ВМРО-ДПМНЕ за што посебно сум горда... “, критикувајќи дека не се спроведува добро Истанбулската конвенција. На истата седница, Гордана Сиљановска кажа едно големо „ДА за Истанбулската конвенција“, го истакна како важно воведувањето на родовиот идентитет и сексуалната ориентација како основи за дискриминација, и укажа „ќе имаме секретаријат за Родова еднаквост... но тоа не е доволно“. Притоа, Сиљановска препорача дека медиумите „треба да бидат вистинскиот сервис на промоцијата на родовата еднаквост... главните во рушењето на стереотипите на сексистичкото портретирање на жените...“.

По свечената собраниска седница беа донесени заклучоци за унапредување на родовата еднаквост без ниту еден глас против, меѓу кои и заклучокот за „усвојување на законот за родова еднаквост и формирање на Секретаријат до крај на 2023 година“.

## 6.2. Анти-родови дезинформации и манипулации од МПЦ-ОА пред и при најавата за протест

Како што укажавме претходно, верски лидери од МПЦ-ОА ја засилија анти-родовата кампања со дезинформации непосредно по 8 март 2022, ширејќи дезинформации на најгледани медиуми, не само за предлог-законот за родова еднаквост, туку и за родовата еднаквост воопшто. Во почетокот на април, Законот за родова еднаквост стана главна мета на „прогон“ на претставници на МПЦ-ОА кои го дискредитираа како „нова фарисејштина“, како „отворено спротивставување и на Бога и на природата“ и како „демонска операција“ („целта на овие демонски операции е да се земе душата на народот, да се завладее и манипулира со неговата свест“).

Епископ на МПЦ во април 2023 го злоупотреби најгледаниот медиум за ширење дискриминација и говор на омраза врз основа на род и родов идентитет, по што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дискриминација, односно „вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет“. Потоа, во Велигденско послание Митрополитот г. Петар заплашуваше дека родовата еднаквост е голема закана – и „уште поопасна, попогубна и поотровна идеологија“, што е дезинформација, затоа што родовата еднаквост е потврдена како фундаментално човеково право, од страна на ОН, од страна на ЕУ, и од страна на Советот на Европа. Во мај 2023 верските лидери на МПЦ-ОА поддржани од други верски лидери, јавно ширеа дезинформации за

родовиот идентитет и за Истанбулската конвенција. Анти-родовиот говор кој поттикнува дискриминација и омраза кулминираше во почетокот на јуни 2023, кога Митрополитот Агатангел ја демонизираше „родовата идеологија" прогласувајќи ја за „демонска идеологија", а Секретаријатот за родова еднаквост (предвиден со законот за родова еднаквост), за „ментална полиција".

И одлуката на МПЦ-ОА да повика и организира мирен протест пред Соборниот храм „Св. Климент Охридски" во Скопје на 29.06.2023, против донесувањето на предлог-законите, беше проследена со повеќе непоткрепени тврдења, манипулации, дезинформации и теории на заговор кои беа раширени во медиумите.

Прво, МПЦ-ОА на 20.06.2023 изнесе фактички непоткрепено тврдење дека претходното заедничко Соопштение (05.05.2023) било „од сите верски заедници, кои претставуваат над 95% од населението". Претходното соопштение не беше потпишано од сите верски заедници, кои не се политички претставници на населението, како што се пратениците во собранието кои имаат надлежност да разгледуваат и донесуваат закони. Токму пратениците како легитимни претставници на народот, со мнозинство имаат донесено повеќе закони и стратегии во кои се спомнуваат изразите род, родова еднаквост, родов идентитет итн. Токму мнозинството народни пратеници едногласно донесе заклучок на собраниската седница на 8 март за „усвојување на законот за родова еднаквост и формирање на Секретаријат до крај на 2023 година"

Второ, беше раширена дезинформација дека споменатите закони се носат „со постапката во скратена форма", што беше утврдено и од проверувачите на факти.

Трето, фактички непоткрепени беа и раширените обвинувања дека споменатите закони „претставуваат сериозна закана за општеството, а особено за неговата основна клетка – семејството". Дел од медиумите некритички ги проширија овие сериозни обвинувања на МПЦ, без да побараат од „обвинителите" факти и докази како поткрепа на нив. Притоа, во предлог Законот за родова еднаквост, кој беше најмногу атакуван од страна на МПЦ-ОА како закана за семејството, воопшто не се споменува зборот „семејство".

Четврто, медиумите не ги преиспитуваа манипулативните тврдења на МПЦ-ОА дека е во некаква „борба за достоинство, слобода и заштита на основните верски права", и покрај тоа што КСЗД веќе утврди дека гласноговорникот на МПЦ сериозно го повредил достоинството на трансродовите лица. КСЗД утврди и дека дел од неговите јавни изразувања се навредливи и деградирачки, и „ја охрабруваат дискриминацијата и омразата" кон ЛГБТИ луѓето, а дека свештено лице „има дополнителна одговорност да не поттикнува дискриминација и да не повредува нечиво достоинство со

неговите изјави и ставови“. Иако и медиумите и новинар(к)ите имаат иста таква одговорност, голем дел од нив продолжија да шират анти-родови дезинформации со кои се поттикнува дискриминација и омраза.

Петто, дезинформација беше содржана и во повикот на МПЦ-ОА „да ја заштитиме нашата вера и традиција од обидот за нејзиното искоренување спомнат во член 23 т. 5 од предлог-законот“. Во спомenатиот член 23 нема никакво спомнување на верата, туку „искоренување на предрасудите, стереотипите, обичаите, традициите и сите други штетни практики во остварување на родовата еднаквост“. Да потсетиме, и Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција), има за цел „искоренување на предрасудите, обичаите, традициите и сите други практики кои се засноваат на идејата за инфериорност на жените или стереотипните улоги на жените и мажите”. Наспроти непоткрепените тврдења на МПЦ-ОА, дека „претставуваат над 95% од населението“, стои фактот дека Истанбулската Конвенција беше подржана од мнозинството и од најголемите политички партии кај нас, вклучително и во програмата на опозициската ВМРО-ДПМНЕ.

## 6.3. Заплашувања, хајка против невладините, и проруски дезинформации при мобилизација за протест

По најавата за протест, МПЦ-ОА пристапи кон мобилизација користејќи пропагандни техники на креирање паника, скандализирање и заплашување на јавноста дека носењето на законите ќе довело до “потполн хаос, диктатура, тиранија, какви што гледаме во најтоталитаристичките општества низ светот и низ историјата и сега…”. Главни мети на анти-родовата кампања на МПЦ-ОА беа владата и владејачките партии, но и „невладините организации кои туркаат агенди и трендови на живот кои не се прифатливи за 99 проценти од граѓаните во Македонија… “, кои беа прогласени за „заеднички непријател кој треба сите да не обедини”. Ваквите дезинформации, спинови и жигосувања на невладините организации како „непријатели“ и „платеници“ беа медиумски пренесувани иако веќе беше утврдено од КСЗД дека гласноговорникот на МПЦ-ОА поттикнува дискриминација и омраза и изнесува неточни тврдења.

Хајката против невладините организации, претходно беше поттикнувана од проруската партија „Родина Македонија“ која ширеше омраза кон невладините здруженија и активисти стигматизирајќи ги како непријатели и „платеници“ и која ветуваше заштита на децата од „психопатските невладини здруженија“. Оваа партија исто така беше дел од мобилизацијата за анти-родовиот протест на МПЦ-ОА, и во првите редови на протестот, преку т.н. Коалиција за заштита на децата, претставувана од член на раководството (и донаторка) на „Родина Македонија“ (Анти-родовото движење во Македонија и руската пропаганда).

За жал, повеќето македонски медиуми не успеаја навреме да ги согледаат и да ги обелоденат врските помеѓу т.н. Коалиција за заштита на децата и анти-родовата кампања на МПЦ-ОА, ниту пак сличностите на анти-родовата пропаганда во Македонија со руската антизападна пропаганда против „родовата идеологија" каде што ЛГБТИ правата се жигосани како „индоктринација". На пример, дел од медиумите пренесоа повик на МПЦ-ОА во кои се содржани веќе разобличени дезинформации: „Да не дозволиме нашите деца да бидат индокринирани дека можат да си го променат својот пол со помош на сомнителни невладини организации и дека наместо мајка и татко имаат родител 1 и родител 2" (МПЦ-ОА најави протест: Децата имаат татко и мајка, а не родител 1 и родител 2). Медиумите треба да се свесни дека ширењето на вакви дезинформации во јавноста за наводното укинување на термините мајка и татко и нивната замена со родител 1 и родител 2, е дел од пропагандниот арсенал на Русија, и дека гласноговорник на таквите дезинформации беше лично Путин, кој во една прилика изјавил „додека сум претседател, нема да имаме родители 1 и 2 – ќе имаме татко и мајка."

## 6.4. Анти-родови дезинформации, манипулации и теории на заговор на протестот од МПЦ-ОА

Главен говорник на т.н. Сенароден собир против Законот за родова еднаквост и Законот за матична евиденција беше верскиот лидер Стефан со излагањето АКО ОПСТОИМЕ – ЌЕ ПОСТОИМЕ, во кое можат да се идентификуваат повеќе дезинформации, манипулации и теории на заговор:

1) Дезинформација за „светоста на семејството – оформено од еден маж и една жена". Дел од медиумите ја акцентираа ваквата дефиниција на семејството, иако е исклучувачка, и несовпадлива со законската дефиниција во која не се спомнува „еден маж и една жена", туку „родители и деца и други роднини": „Семејство е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство."

2) Дезинформација и теорија на заговор за законите: „...оние два несреќни закона за родова еднаквост и за матична евиденција, кои насила и спротивно на нашата волја не само целат да ја секуларизираат Црквата, туку и да ја присилат да зборува и да се изразува со јазикот на некаков си светски поредок...". Никаде во споменатите законски текстови не се спомнува црквата, ниту нејзино секуларизирање, ниту пак јазикот во законите е јазик на некаков си „светски поредок". Како што видовме претходно, јазикот на родовата еднаквост е веќе дел од политиките на ОН, Советот на Европа, ЕУ, а и нашите национални и локални политики за родова еднаквост (кои беа носени со натпартиски консензус).

3) Дезинформации дека „жените не сакаат лажни права и еднаквост

со мажите“, дека Истанбулската конвенција подметнува „нешта кои ќе ја загрозат и повредат токму жената“, со кои му се дава „легитимитет на насилството врз жената“.

Медиумите и новинар(к)ите треба да се свесни дека движењето за правата на жените е движење за родова еднаквост (како што може да се види и на страницата на ОН за „Родова еднаквост и права на жените“). Оттаму, секој говор против родовата еднаквост (како признаено човеково право од ОН) е и говор против правата на жените како човекови права. Токму затоа, медиумите имаат обврска да не пренесуваат (дез)информации со кои се загрозуваат правата на жените – што ги вклучува и инструментите за постигнување на правата на жените (како што е Истанбулската конвенција). За жал, дел од нашите медиуми ги раширија дезинформациите со кои се дискредитира Истанбулската конвенција како закана и загрозувач на жените, иако нивна обврска е да ја промовираат конвенцијата како инструмент за „искоренувањето на насилството врз жените и семејното насилство… во контекст на постигнување, *де јуре и де факто, на родова еднаквост*.“

4) Дезинформации дека „родовата идеологија“ била насочена „против децата“ и нејзина сатанизација: „Па, ако децата се иднината на светот, тогаш кој друг сака човекот да нема иднина, ако не оној за кого знаеме дека е непријател од почетокот“ (Стефан).

Медиумите и новинар(к)ите треба да се свесни дека и правата на децата се неразделно поврзани со родовата еднаквост, како што може да се види и од страницата на УНИЦЕФ за родова еднаквост. Во брошурата на УНИЦЕФ „Елиминирање на дискриминацијата кон децата и родителите заснована на сексуална ориентација и/или родов идентитет“ (2014) стои дека „Сите деца, независно од нивната актуелна или перципирана сексуална ориентација или родов идентитет, имаат право на безбедно и сигурно детство кое е ослободено од дискриминација“.

Медиумите и новинар(к)ите треба да се свесни дека согласно Конвенцијата за права на детето на ОН, Комитетот за правата на детето се грижи и за правата на децата хомосексуалци, лезбејки и бисексуалци, трансродовите и интерсексуалните деца. На пример, во последните согледувања на Комитетот за правата на детето за Северна Македонија од септември 2022, стои дека „Комитетот и понатаму е сериозно загрижен поради постоењето на стереотипи и општествени норми со кои се продолжува дискриминацијата на децата, особено Ромчињата, децата со попреченост, децата хомосексуалци, лезбејки и бисексуалци, трансродовите и интерсексуалните деца и дискриминацијата врз основа на социјалниот статус на децата“. Исто така, Комитетот за правата на детето укажа на „недоволните системски напори“ кај нас за справување со врсничкото насилство во училиштата, „онлајн насилството (малтретирањето) и насилството врз ЛГБТ младите…“. Комитетот за правата на детето побара од нашата држава „да спроведе сеопфатно истражување за распространетоста

на врсничкото насилство врз основа на сексуалната ориентација, родовиот идентитет...“ и да ги зајакне „образовните мерки насочени кон спречување на таквото насилство“.

Токму затоа, медиумите и новинар(к)ите треба да се воздржат од пренесување анти-родови дезинформации кои се повикуваат на наводна „заштита на децата“, затоа што таквите информации, ги загрозуваат човековите права и се во спротивност со стандардите за заштита на правата на децата на ОН.

5) Дезинформации за „таканареченото родово сензитивно образование, кое треба да кулминира со сеопфатно сексуално образование“ (Стефан): „Апелираме да престане унакажувањето на образовниот систем со родова идеологија...“.

Медиумите и новинар(к)ите треба да се свесни дека сексуалното образование одамна се признава како човеково право од страна на телата на ОН за образование и права на децата, и дека „Децата и младите луѓе имаат право да добиваат сеопфатно сексуално образование“ во земјите членки на Советот на Европа.

И Комесарот за човекови права на Советот на Европа укажува дека спротиставувањето на сеопфатното сексуално образование е пример за „пошироко спротиставување на целосното остварување на човековите права на специфични групи, посебно на жени, лезбејки, геј, бисексуалци, трансродови и интересексуални (ЛГБТИ) лица и, до извесна мерка, и на самите деца, со образложенија дека би ги загрозило традиционалните и религиските вредности.“

Исто така, новинар(к)ите треба да бидат информирани и да ја информираат јавноста дека нашата држава има конкретна препорака од Комитетот за правата на детето „Да промовира поголем пристап до сеопфатно, соодветно на возраста, научно засновано образование за сексуалното и репродуктивното здравје и права, во што спаѓаат и информации... за прашањата на сексуалната ориентација и родовиот идентитет“.

Имајќи предвид дека новинар(к)ите имаат етичка должност да не пренесуваат информации со кои се загрозуваат човековите права, тие треба да бидат крајно внимателни кога известуваат за анти-родови кампањи или пренесуваат анти-родови изјави против сеопфатното сексуално образование.

Со Законот за основното образование се забранува директна и индиректна дискриминација, вклучително и врз основа на пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет: „Училиштето се грижи за сексуалното и репродуктивното здравје на учениците преку обезбедување информации базирани на научни сознанија, човекови права, родова еднаквост и промовирање на почитување на различностите“ (чл. 48 ст. 4).

## 6.5. Анти-родовите дезинформации и етичките обврски на медиумите и новинар(к)ите

Новинар(к)ите првенствено треба да се свесни дека со некритичко пренесување на анти-родови дезинформации стануваат соучесници во повредување на човековите права. И покрај тоа што анти-родовите пропагандисти на МПЦ-ОА глумеа дека се борци „за правото на мислење, правото на говор и правото слободно да ја браниме својата вера“, и глумеа жртви на прогон, во оваа анализа изнесовме мноштво аргументи и докази дека анти-родовата кампања во Македонија беше насочена против остварување на основните човекови права.

Новинар(к)ите треба да се свесни дека мноштвото дезинформации на анти-родовите пропагандисти се насочени против правата на жените и правото на родова еднаквост како фундаментално човекови право; против правото на заштита од дискриминација и говор на омраза (и врз основа пол, род, родови идентитет и сексуална ориентација); против правата на децата (кои се неразделно поврзани со родовата еднаквост), против човековото право на сеопфатно сексуално образование (кое е и право на децата), против ЛГБТИ+ правата, против еднакво уживање на правото на семеен живот, против правото на здружување и изразување (со елементи на прогон на невладините организации), итн.

Медиумите и новинар(к)ите треба да се свесни дека ваквите анти-родови дезинформации предизвикуваат не само штета на жените и трансродовите луѓе, туку и на децата, и на човековите права и граѓанските слободи, и на општеството во целина. Токму затоа, при известување на теми за родовата еднаквост и другите човекови права кои ги адресираат анти-родовите пропагандисти, новинар(к)ите треба да се придржуваат на начелото за „минимизирање на штета“, односно, да ја балансираат потребата на јавноста за информации, наспроти штетата што можат да ја предизвикаат таквите информации. Исто така, при известување на теми за родовата еднаквост и другите човекови права кои ги адресираат анти-родовите пропагандисти, треба да обезбедат и изјави од другите засегнати страни, што не беше случај во повеќето медиумски известувања за анти-родовиот протест на МПЦ-ОА.

Професионалните медиумите и новинар(к)ите имаат етичка должност да ги „бранат човековите права, достоинството и слободата“, и во случај кога тие се нападнати од анти-родовото движење. Професионалните медиумите и новинар(к)ите имаат етичка должност да не создаваат ниту преработуваат информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, какви што се (дез)информациите на анти-родовите пропагандисти предочени во оваа анализа. Новинар(к)ите имаат обврска и да објавуваат „точни, проверени информации“, професионално да ја вршат својата улога на проверувачи на факти, „да не бидат само пренесувачи на “сервирани

факти“ од некој друг“, како што беа дел од медиумите при пренесување на анти-родови дезинформации. Исто така, професионалните медиумите и новинар(к)ите имаат етичка должност да не поттикнуваат на насилство и дискриминација по која било основа, како што тоа го прават анти-родовите пропагандисти (што беше делумно утврдено и од КСЗД).

Поконкретно, етичка должност на медиумите, кои дејствуваат и онлајн, е никогаш да не поттикнуваат омраза и нетрпеливост и врз основа на „пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет“, како што тоа го правеа дел од анти-родовите актери. Етичка должност на медиумите е и да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза на анти-родовите активисти, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него.

Токму затоа, медиумите имаат и конкретна обврска да создаваат повеќе медиумски содржини со коишто ќе се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата, кои беа поттикнати од анти-родовите дезинформации. Новинар(к)ите имаат етичка должност да ги „бранат човековите права, достоинството и слободата“ кои беа нападнати од анти-родовите пропагандисти со ширење мноштво дезинформации, со теории на заговор, со создавање страв и паника, и со други пропагандни техники кои поттикнуваа дискриминација и омраза.

*Авторот е раководител на истражувања во*
*Институтот за медиуми и аналитика ИМА*

iM@